# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА

СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА

YOUTH EMPLOYABILITY
SKILLS NETWORK

Оваа публикација е финансирана од американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој – УСАИД Македонија, во рамките на Проектот Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (Мрежа ЈЕС), кој го спроведува Центарот за развој на образование (ЕДЦ). Ставовите на авторите искажани во оваа публикација не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА 2014 - 2018

Март 2014г.

## СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ........8
1. РЕЗИМЕ........9
2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН........10
3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА........11
3.1. Општина Битола – основни податоци........11
3.2. Политичка состојба........12
3.3. Граѓански сектор во Општина Битола........13
3.4. Локален Економско Социјален Совет – ЛЕСС на Општина Битола........14
4. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ........15
4.1. Економска состојба во Република Македонија........15
4.2. Економска состојба во Општина Битола........16
4.3. SWOT анализа на Економскиот развој во Општина Битола........23
4.4. Анализа на засегнати страни во Економскиот развој на Општина Битола........24
4.5. Анализа на резултатите од истражувањето........25
5. ТУРИЗАМ........28
5.1. Туризмот во Општина Битола........28
5.2. SWOT анализа Туризам........36
5.3. Анализа на засегнати страни во областа Туризам........37
Туристички Агенции........38
5.4. Резултати од истражувањето за туризам........38
6. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА........41
6.1. Состојба со социјална заштита во Општина Битола........41
6.2. Образование........46
6.3. SWOT анализа Социјална заштита........54
6.4. Анализа на засегнати страни во Социјалната заштита во општина Битола........54
6.5. Анализа од истражувањето за социјална заштита во Општина Битола........55
7. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА........58
7.1. Состојба во Општина Битола........58
7.2. Улога на локалната самоуправа во процесот на заштита на животна средина........62
7.3. Национален парк Пелистер........63
7.4. SWOT анализа Заштита на животна средина........64
7.5. Анализа на засегнати страни за Заштита на животна средина........65
8. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ........66
8.1. Визија........66

8.2. Мисија ........66
8.3. Вредности........66
8.4. Приоритетни области........66
9. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ........66
10.Прилог 1: АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА........73
11. Прилог 2: ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕГИЈАТА ........91
12. Прилог 3: КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА И ИЗВОРИ НА ИНФОРМАЦИИ........92

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| АП | Акциони планови |
| БДП | Бруто домашен производ |
| БСЦ | Бизнис Start-up центар |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| ЕДЦ | Центар за развој на образованието |
| ЕСС | Економско Социјален Совет |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕФТА | Европска асоцијација за слободна трговија |
| ЈП | Јавни претпријатија |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| КД | Колективно договарање |
| ЗГ | Здружение на граѓани |
| ЗЕЛС | Заедница на единици на локална самоуправа |
| ЗЗ | Земјоделски Здруженија |
| ЛАП | Локални акциони планови |
| ЛЕСС | Локален економско социјален совет |
| ЛС | Локална самоуправа |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| МСУ | Меѓународен Славјански Универзитет |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МОТ | Меѓународна Организација на Трудот (International Labor Organization) |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НБРМ | Народна Банка на Република Македонија |
| СТО | Светска Трговска Организација |
| УКЛО | Универзитет Св. Климент Охридски |
| УСАИД | Агенцијата за меѓународен развој на САД |
| ФФРМ | Федерација на Фармери на Република Македонија |
| ЦРМ | Централен Регистар на Република Македонија |
| ЦСР | Центар за социјални работи |
| ЦЕФТА | Договор за слободна трговија во централна Европа |
| ЦППР | Центар на пелагонискиот плански регион |
| ЈУМЦСР | Јавна установа – меѓуопштински центар за социјална работа |

# 1. РЕЗИМЕ

Стратегијата за локален развој на Општина Битола е изработена со учество на сите засегнати страни во областите на делување на стратегијата: *економски развој, развој на туризмот, социјална заштита и заштита на животната средина*. Стратешкото планирање е демократски процес за креирање на визија, мисија и стратегии за достигнување на посакуваната иднина на една организација и претставува корисна алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ. Стратешкиот план за Локалниот развој на Општина Битола е подготвен за периодот 2014 - 2018 година.

Во подготовката на планот беа вклучени претставници на сите целни групи од областите на делување, кои од свој аспект дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ, кој ги отсликува потребите и предлозите на засегнатите страни.

Визијата на Општина Битола е*: Општина Битола атрактивен центар за живеење и бизнис, со поволни услови за одржлив социо-економски туристички и културен развој во регионот*.

Мисијата дефинирана во процесот на стратешко планирање е: *Општина Битола, ефикасен и транспарентен сервис за граѓаните, со услови за безбеден, социо-економски и квалитетен живот.*

Вредностите според кои што ќе се води Општина Битола се:

- Отвореност и комуникација со граѓаните
- Посветеност кон традиција и историја
- Развивање на мултикултурно, отворено општество со европски дух
- Создавање еколошки здрава средина за живот
- Економски просперитет и благосостојба

Тимот за изработка на Стратегијата за локален развој на Битола издвои девет стратешки цели и дефинираше сет на активности неопходни за остварување на поставените цели и тоа:

1. Подобрување на социо-економската положба на населението;
2. Подобрени јавни и приватни инфраструктурни системи кои придонесуваат за развој на општината;
3. Развивање на меѓусебна соработка на општините, регионите и прекугранична соработка;
4. Формирање на систем за управување со туризмот во Општина Битола;
5. Битола - препознатлива туристичка дестинација;
6. Еднакви можности, социјална инклузија и нулта дискриминација;
7. Подобрување на квалитетот на сите медиуми на животната средина;
8. Одржлив развој на системи за заштита на животната средина.
9. Организирање и работа на проектно одделение за изработка и спроведување на проекти во Општина Битола.

Со имплементацијата на Стратешкиот план за локален развој ќе се придонесе кон подобрување на состојбите и прашањата што се однесуваат на економско - социјалната положба, а со тоа ќе се подобри квалитетот на животот на граѓаните на Битола.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Стратегијата за локален развој на Општина Битола е подготвен со учество на сите засегнати страни во приоритетнте области: претставници од бизнис секторот, невладините организации, членови на ЛЕСС, претставници од локалната самоуправа и јавните претпријатија во периодот декември 2013 – јануари 2014 година. Основите на стратешкиот документ беа поставени на три еднодневни работилници, а беше доработен во консултација на целиот тим за изработка.

Подготовката на стратешкиот план ги содржеше следните чекори:

- Анализа на окружувањето
- SWOT Анализа
- Дефинирање визија, мисија и заеднички вредности на Општина Битола
- Дефинирање на приоритетни области
- Дефинирање на стратешките цели
- Подготовка на акционен план и временска рамка за имплементација
- Анализа на засегнати страни

Покрај работата во групи, беше подговена и анкета за утврдување на состојбата, идентификација на проблемите на целните групи, како и прибирање на предлози за општината со цел подобрување на условите за живот и работа на населението во Општина Битола. На тој начин, во подготовката на документот сите засегнати страни од свој аспект дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ кој ги отсликува потребите и предлозите на населението во општината.

Изработката на Стратешкиот план за локален развој на Општина Битола е дел од активностите на проектот Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (Мрежа ЈЕС), имплементиран од Центарот за развој на образованието (ЕДЦ), непрофитна организација од САД и финансиран од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД).

# 3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОПШТИНА БИТОЛА

## 3.1. Општина Битола – основни податоци

Битола е најголемиот градски центар во плодната и најголемата македонска котлина Пелагонија и втор град по големина во Република Македонија. Градот Битола се наоѓа во крајниот југозападен дел на Република Македонија, во подножјето на планината Баба со врвот Пелистер (2601 м) непосредно до грчката граница која е оддалечена 115 км. Битола на север е опколена од четири поврзани ридови, со височина од 640 до 890 м, наречени Баир, кои се дел од Облаковско-снеговската планина (1430 м). Од југ, градот е заграден со ридот Тумбе Кафе, со височина од 744 метри кој е огранок на повисокиот планински локалитет Неолица, а таа пак е дел од пространата Баба Планина. Кон исток, Битола е широко отворена кон котлинското дно на Пелагонија, а кон запад, кон флувиоглацијалните наноси на реката Драгор, широката ѓаватска преграбенска долина и високиот Пелистер. Теренот на кој лежи Битола е наведнат од 715 до 585 метри, од запад кон исток, односно од Пелистер и Баба Планина кон пелагониската котлина, и тоа од 710 до 590 метри со што градот има средна надморска височина од 650 метри. Овие разлики во височините битно влијаат на изгледот на градот и структурата на градскиот пејсаж. Од една страна градот е сместен на рамничарскиот предел, а од друга страна на ридско земјиште и плавински материјал. Битола се наоѓа во зона каде се допираат две различни полјоделски целини, полјоделско-градинарска на исток, североисток и југоисток и овоштарско-градинарска и сточарска зона на запад и југозапад.

Градот Битола се протега на следните координати: од $21^0$ 18’20” до $21^0$ 22’11” источно до Гриничкиот меридијан (ИГД) и од 41° 00’00” до 41°03’20” северно од Екваторот (СГШ).



Слика 1. Местоположба на општина Битола
На картата е прикажана местоположбата на општина Битола во границите на Република Македонија.

**Табела 1.** Вкупна површина на која се протега Општина Битола

| **Површина** | **км²** |
|---|---|
| Град Битола | **26,37 км²** |
| 65 села | **768,16 км²** |
| Општина Битола | **794,53 км²** |

Административно гледано, градот Битола е седиште на Општината Битола, но и главен регионален центар за југозападниот регион на Република Македонија, Универзитетски центар со сите постоечки факултети, град со конзуларни претставништва, музеј, безбројни кафичи, ресторани итн.

Климата во Битола, во основа е со умереноконтинентален карактер, со нагласена континентална компонента, со динамична и со нестабилна клима на суво, многу топло лето и на зимски период поделен на пократок, сув и студен. Температурата има специфика на континентална клима, а врнежите, на сушна изменето-медитеранска или степска клима која, на моменти, има пробиви и на жешки воздушни маси од Северна Африка – Сахара. Според метеоролошките податоци, градот има средна годишна температура на воздухот од 11,1°C, но со големи отстапувања во одредени години од 10,1°C во 1975 година до 13,1°C во 1952 г. Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 0,6°C, но со апсолутна минимална температура од -30,4°C. Најтопол месец е јули, со средна месечна температура од 22.2°C и со апсолутно максимална температура од 41,2°C. Апсолутното годишно варирање на температурата во воздухот изнесува 71,6°C што е специфично за подрачјата со континентална клима.

Пролетните и есенските месеци се со пријатни температури на воздухот, но истите можат да добијат специфики и на продолжена зима или на продолжено лето. Според тоа, просечното годишно количество на врнежи изнесува 601 мм со вредности кои се движат од 338 мм до 879 мм.

### 3.2. Политичка состојба

Република Македонија го оствари своето право на самоопределување по одржаниот референдум на 8 септември 1991 година, стекнувајќи ја, единствена од поранешните членки на југословенската федерација, својата независност по мирен пат во процесот на распаѓањето на поранешна Југославија.

Процесот на приближување на Република Македонија кон ЕУ непосредно по осамостојувањето, за разлика од повеќето нови демократии во централна, источна и југоисточна Европа беше забавен, поради задоцнетото признавање на Република Македонија како независна држава (во 1993 година). Дипломатските односи со ЕУ беа воспоставени во 1995 година, по што следеше склучувањето на Спогодба за соработка. Зачленувањето на Република Македонија во ФАРЕ во 1996 година овозможи позначаен поттик на процесите кон водеа кон натамошно приближување кон Унијата.

Република Македонија беше прва држава од регионот со која ЕУ склучи Спогодба за стабилизација и асоцијација во 2001 година, која влезе во сила на 1 април 2004 година, повторно како прва спогодба од ваков вид која влегува во сила.

Низ процесот на интеграција во меѓународните трговски текови, Македонија воспостави голем број мултилатерални и билатерални договори. Со овие договори (влез во СТО, договор за слободна трговија со ЕУ, членство во ЦЕФТА, договорите за слободна трговија со Турција и Украина) се овозможи голема либерализација во трговијата и безцарински пристап (иако не е секаде неограничено).

Во декември 2005 година, Европскиот Совет во чиј состав се шефови на држави и влади на земјите членки, на Република Македонија и додели статус - земја кандидат за членство во Европската унија. Визната либерализација за граѓаните од Македонија кои патуваат во шенген зоната стапи на сила во декември 2009 година.

Во март 2012 година Македонија со комисијата го започна Пристапниот дијалог на високо ниво – ХЛАД (High Level Accession Dialogue), со што се продолжи поддршката од ЕУ во процесот на спроведување на клучните реформи во земјата.

Како земја со кандидатски статус, на Република Македонија и се на располагање средствата од ЕУ од инструменотот за претпристапна помош ИПА. Инструмент за претпристапна помош (ИПА) е дел од пакетот за надворешни односи. ИПА како и останатите елементи од тој пакет претставуваат голема можност за рационализирање и поедноставување на процедурите на Европската Комисија и подобрување на кохерентноста и координацијата на активностите на Комисијата. Поддршката од ИПА е насочена кон следните области (компоненти): Компонента 1 - Транзициска помош и институционална надградба; Компонента 2 – Прекугранична соработка; Компонента 3 – Регионален развој; Компонента 4 – Развој на човечки ресурси и Компонента 5 – Рурален развој.

Република Македонија активно учествува во следните програми на ЕУ: Седмата рамкова програма за истражување, Програмата за претприемништво и иновации, Напредок, Култура, Европа за граѓаните, Фискалис 2013, Царина 2013, Програмата за интелигентна енергија.

Целокупната горенаведена политичка состојба во државата влијае на развојот на Општина Битола и на квалитетот на живот на локалното население.

### 3.3. Граѓански сектор во Општина Битола

Граѓанското општество доби голема поддршка од ЕУ во рамки на ИПА за помош на граѓанското општество и националните програми, како и преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права. Бројот на регистрирани граѓански организации во Битола во декември 2010 година изнесува 644 организации. Меѓутоа, подеталната анализа покажува дека бројот на активни организации, односно бројот на пререгистрирани организации до 31 август 2011 година е значително помал од бројот на вкупно регистрирани организации, односно изнесува 240 организации, за да до крајот на 2013 год. останат 203 организации (извор: Централен регистар на Македонија).

Ако се имаат предвид и податоците од ЦРМ, придонесот во заедницата и економскиот потенцијал на граѓанските организации од Битола не е за занемарување.

Вкупно остварените приходи во 2010 година изнесуваат 227.782.896 денари со 65 вработени лица. Постојано вработениот персонал во граѓанските организации е значаен критериум, бидејќи зборува за нивната сериозност и посветеност да дејствуваат во интерес на заедницата.

Од вкупниот број регистрирани организации, доминираат спортските здруженија кои се 172 или 27%, потоа социо-хуманитарните (6%), професионалните (струковите) здруженија (5%) и културните здруженија (4%). Од друга страна, најголем број граѓански организации кои согласно класификацијата на ЦРМ влегуваат во заедничка категорија (10,9 други општествени организации, фондации и здруженија на граѓани) и се повеќе од половината регистрирани организации (55%), опфаќаат: младински организации, заштита на човековите права, родова рамноправност, здруженија на етничките заедници и сл.

Соработката на општината со граѓанскиот сектор е разработена во Стратегијата за соработка на Општина Битола со граѓанскиот сектор 2012 – 2015. Општа цел на стратегијата е изградба на поттикнувачка околина за активно граѓанско учество во процесите на креирање политики и развој на локалната заедница. Стратегијата примарно цели кон унапредување на досегашната соработка на Општина Битола со граѓанскиот сектор, што пак би придонело/водело кон остварување на визијата за активни граѓани кои директно учествуваат во осмислување на локалните политики и придонесуваат за нивно остварување. Исто така, намерата е да се стреми кон развиен граѓански сектор кој ќе придонесува во сите сегменти на општественото живеење во општина Битола, како еден од предусловите за остварување на потребите на граѓаните, за нивна подобра иднина и за развиена општина на граѓаните и за граѓаните.

Општината цели досегашната успешна соработка со граѓанските организации да ја преточи во понапредни и поодржливи модели на партнерство и дијалог, а пред сè за:

- Обезбедување услови за вклученост на граѓанските организации во креирањето на локалните политики и стратегии;
- Зголемена транспарентност и на општината и на граѓанските организации и интензивирање на меѓусебната информираност;
- Поддршка на граѓанските организации во промоцијата и поттикнувањето на активизмот на граѓаните и нивната поголема вклученост во активности од локален карактер преку волонтерство, општествено одговорно однесување и сл.;
- Придонес кон подобрени услови за обезбедување одржлив развој на граѓанскиот сектор;
- Соодветно зајакнување на локалната администрација за препознавање на улогата и унапредување на соработката и потребите од развој на граѓанскиот сектор;
- Поддршка за зајакнување и оспособување на граѓанскиот сектор за да може да одговори на потребите на локалната заедница.

Заложбите на општина Битола да ја унапредува соработката со граѓанскиот сектор е одраз на признанието и почитта за граѓанскиот сектор во промовирање на вредностите и во неговиот значаен придонес за заедницата.

Имајќи ги во предвид сите горенаведени факти за политичката состојба во Република Македонија и Општина Битола, може да се заклучи дека е воспоставена основа за развој на дијалог која понатаму треба да се следи и прилагодува на условите во кои функционираат сите загегнати страни на локално ниво.

### 3.4. Локален Економско Социјален Совет – ЛЕСС на Општина Битола

Со цел воспоставување на ефикасен економско социјален дијалог во општината, во февруари 2012 година е формиран Локалниот Економско Социјален Совет во општина Битола, како заедничко советодавно и консултативно тело на Општина Битола, основано од Општина Битола. Во Локално економско-социјалниот совет членуваат: Општината Битола, Организацијата на работодавачи на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија и Конфедерација на слободни синдикати. ЛЕСС има консултативно – советодавна функција и разгледува прашања и дава мислења, предлози и препораки до Советот на Општината и други органи за одредени прашања од економско социјалната сфера особено прашањето за вработувањето на младите и зајакнување на суштинските врски помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем. ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците и работодавачите во општината и дава свои мислења и предлози во насоките на делување.

Стратешкиот план на ЛЕСС Битола вклучува реализација на четири стратешки цели и дефинираа сет на активности неопходни за остварување на поставените цели и неопходни за функционирање на советот и тоа:

1. Подобрување на социо-економската положба на населението;
2. Создавање на услови за поврзување на пазарот на труд со образовниот, јавниот и бизнис секторот;
3. Социјално вклучување на ранливите категории и
4. Подобрување на препознатливоста на ЛЕСС.

Со имплементацијата на Стратешкиот план на ЛЕСС ќе се придонесе кон подобрување на состојбите и прашањата што се однесуваат на економско - социјалната положба на работниците и работодавачите во општината, а со тоа ќе игра значајна улога како партнер на општината кон подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Битола.

# 4. ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## 4.1. Економска состојба во Република Македонија

Порастот на Бруто Домашниот Производ – БДП кој претставува важен показател за економијата во една држава, за Република Македонија во 2010 година изнесуваше 2.9%, а во 2011 година бележи мал пад и изнесува 2.8%[1].

Со цел да се создадат поволни услови за инвестиции и економски развој, Република Македонија воведе исклучително поволна даночна политика. Данокот на добивка е 10%, персоналниот данок на доход е исто така 10%, а данокот на додадена вредност е 18% и 5% за производите со повластена стапка. Со воведување на овие мерки, Македонија се вбројува во земјите со најниски даноци во Европа. Покрај тоа, Република Македонија е потписник на повеќе договори за слободна трговија:

**1) Централноевропски договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006)**

ЦЕФТА 2006 е потпишан на 19 декември 2006 година во Букурешт, а стапи на сила на 22.11.2007 година. Потписнички на договорот се: Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Молдова, Црна Гора и УНМИК за територијата на Косово. Покрај либерализацијата на трговијата со стоки, ЦЕФТА 2006 отвора простор за зголемена соработка помеѓу нејзините членки и во следниве области: трговијата со услуги, јавни набавки, инвестиции и заштита на интелектуалната сопственост.

**2) ЕФТА Договор**

ЕФТА Договорот е мултилатерален Договор склучен помеѓу Република Македонија и Швајцарската Конфедерација, Кралството Норвешка, Република Исланд и Кнежевството Лихтенштајн на 19.06.2000 година во Цирих. Собранието на РМ го ратификува Договорот во ноември 2001 година (Службен весник на РМ број 89/2001), а неговата примена отпочна на 1 мај 2002 година. Со овој Договор се обезбедува асиметричен пристап во одвивање на трговијата со индустриските и земјоделско - прехранбените производи во полза на Република Македонија. Со тоа, македонските индустриски производи се извезуваат слободно без царина на пазарите на ЕФТА државите, за потребите на 12 милиони жители. Од друга страна, трговијата со индустриски производи при увозот од ЕФТА државите во РМ се одвива во различен транзиционен период поединечно за секоја држава на ЕФТА и тоа во период од четири, седум и девет години. Во 10-та година од примената на Договорот, размената во двете насоки ќе се одвива без царина.

**3) Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина**

Договорот за слободна трговија меѓу РМ и Украина претставува правна рамка со која се регулира билатералната трговска соработка меѓу двете земји и се применува од 10 септември 2001 година.

**4) Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција**

Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција ја регулира трговијата меѓу двете држави и се применува од 1 септември 2000 година.

**5) Спогодба за стабилизација и асоцијација**

Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европските заедници и нивните земји-членки (ССА) е постојната правна рамка која ги регулира односите на Република Македонија со Европската Унија.

Република Македонија потпиша ССА на 9 април 2001 година во Луксембург, а Спогодбата стапи во сила на 1 април 2004 година. Деловите од ССА кои ги регулираат трговијата и трговските прашања стапија во сила на 1 јуни 2001 година со посебната Времена спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската заедница. Со оваа спогодба се обезбеди асиметричен пристап во одвивање на

[1] Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Македонија 2013 година

трговијата со индустриските и земјоделско - прехранбените производи во полза на Република Македонија. Со тоа, македонските индустриски производи се извезуваат слободно без царина на пазарите на ЕУ, а трговијата со индустриски производи при увозот од ЕУ предвидено е постепено да се либерализира во период од 10 години. Во 10-та година од примената на Спогодбата (2011 година), размената во двете насоки ќе се одвива без царина.

### 4.2. Економска состојба во општина Битола

Бруто годишниот производ во 2011 година во Пелагонискиот плански регион, во кој припаѓа општина Битола учествува со 11,6 % во бруто домашниот производ на Република Македонија.

Споредбата на основните економски показатели на Битола во однос на националната економија и регионот во кој се наоѓа е од суштинско значење за квалитативно согледување на состојбата на локалниот економски развој, во однос на поширокиот економски контекст.

Пелагонискиот регион, според условната поделба на региони на Државниот Завод за Статистика, во однос на неколку важни економски показатели (БДП) е на второ место од осумте плански региони. Меѓутоа во однос на стапката невработеност, како регион е на четврто место споредено со просекот на државно ниво.

Во развојот на битолската економија значаен фактор претставуваат природните услови кои придонесуваат за забрзан просперитет на Битола во наредниот период. Ваквите можности се темелат пред се на природниот фактор и тоа, во прв ред на: земјоделството, шумарскиот потенцијал, минералното богатство и др.

Битолското поле го опфаќа најголемиот дел од Пелагониската котлина, со вкупна обработлива површина од околу 70.000 ха. Со изградбата на хидросистемот Стрежево, создадени се дополнителни поволни услови за развој на земјоделството и за остварување на многу поголеми приноси. Рамничарскиот и ридско планинскиот рељеф во општината во голема мера го одредува карактерот на земјоделското производство во кое преовладува: сточарството (говедарство, овчарство, козарство и свињарство), живинарството (кокошки) и пчеларство, поледелство: житните култури (пченица, јачмен, ´рж, овес и пченка), индустриските (сончоглед, маслена репа, тутун, шекерна репа и друго), фуражните култури, (пченка силажа, луцерка, еспарзета, сточен грашок, граорица, вештачки ливади и др.), нивските култури (компир, бостан, грав и друго), градинарските (домат, пиперка, кромид, зелка и др.) овоштарството (јаболко, праски, кајсии, сливи, вишни и друго), лозарството (вински и трпезни сорти), печурки, природни ливади и пасишта. Од ова може да се заклучи дека аграрот во битолскиот регион дава големи можности за развој на стопанството, со отварање на нови работни места, остварување на финансиски ефекти и добар стандард на населението во руралните средини.

Шумското богатство, исто така, претставува солидна основа за подинамичен развој на севкупната економија на Општината Битола, околните планини Баба – Пелистер, Кајмакчалан и останатите шумски простори располагаат со големи шумски комплекси од огревно и индустриско дрво.

Битола и пошироката околина се познати и со своето разновидно минерално богатство. Ова особено е однесува на големи количества од лигнит и други неметали. Врз основа на овие природни резерви, од 1983 година работи најголемиот електростопански објект во Македонија, Рударско-енергетскиот комбинат РЕК-Битола. Во овој комбинат се вработени 2.500 лица, кои годишно одложуваат 30 милиони кубици јаловина, ископуваат 6 - 7 милиони тони лигнит, произведуваат 4.3 гигават часови електрична енергија.

Друг значаен крупен капацитет од пошироко општествено значење е хидромелиоративниот гигант Стрежево. ЈП“Стежево“ е основано во 1978 год. Денес ЈП “Стрежево“ има вкупно 220 вработени. Овој систем ги зафаќа сите води од реките Шемница и Драгор со своите притоки и водотеците од Баба планина: Кишавска, Граешка, Остречка, Злокуќанска, Стара Река, Киндерка и истите се влеваат во акумулацијата. Браната е изградена на реката Шемница. Преку главниот доводен канал, се дистрибуира акумулираната вода. Стрежево служи за снабдување на Битола и другите населени места со вода за пиење, ги снабдува со индустриска вода одделните капацитети во Битола меѓу кои и РЕК Битола. Овој систем служи за наводнување на повеќе од 20.200 ха земја во Пелагонија. Покрај оваа активност, Стрежево се занимава со производство на електрична енергија во своите хидроцентрали, со одгледување на риби и печурки, со угостителски дејности и др. Системот Стрежево исто така служи за заштита од поплавување на дел од Пелагонија.

Како резултат на вака поволни природни можности, во последните децении почнаа да се валоризираат присутните суровински и ресурсни можност во областа на: металната, текстилната, прехранбената,

тутунската, графичката индустрија, производството на млеко и млечни производи, алкохолни и безалкохолни пијалоци, шеќер, квасец, шпиритус и др.

### 4.2.1. Деловни субјекти во Општина Битола

Битолската економија игра значајна улога во економијата на Република Македонија. Од податоците кои постојат произлегува дека во државата сушествуваат следните видови на деловни субјекти: 67.026 претпријатија, 72.749 трговски друштва; 20.917 трговци поединци и 14.865 останати, или вкупно 175.557 субјекти. Со компарација на бројот на субјектите во стопанството во Битола и со таквите во државата, се доаѓа до показател дека Битола има 6,31 % од вкупниот број на овие субјекти во државата.

Локалната економија на Општината Битола се наоѓа во пост приватизациски циклус и ги следи трендовите на националната економија. Ваквите случувања резултираа со непрофитабилност и ликвидирање на големите, поранешни општествени претпријатија или нивна приватизација и силен подем на новоформирани МСП во приватна сопственост кои стануваат основен двигател на локалната економија. Според спроведеното истражување заклучно со 31.12.2005 год. во Евиденцијата на деловни субјекти што се водеше во Државен завод за статистика во општината се запишани вкупно 11.079 деловни субјекти. Како и во другите региони и во Општина Битола најзначајни носители на стопанскиот развој се микро и малите претпријатија на кои отпаѓаат 3934 од вкупно 3980 претпријатија. За битолската економија од посебно големо значење се следните деловни субјекти: ЗК Пелагонија, Фабриката за квасец и алкохол, Пелистерка АД, ИМБ Млекара Битола, Пивара Битола, Фабриката за шеќер "4-ти Ноември", Синпекс – Битола, "Идеал шипка", "Цермат", Сокотаб, АД Металец – Заштитно друштво, Заштитно друшво "Енигма", "Киро Дандаро", "Микена", Лантана 2, ГП Пелистер, Кромберг и Шуберт и др. Од текстилната индустрија се истакнуваат Родон, Сат мода, Саитис, Солпро, Мокел - ЕЕИИ, Каревски и др. Во графиконот во продолжение се дадени активни деловни субјекти по големина:

**Графикон 1.** Активни деловни субјекти по големина во општина Битола




*Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Македонија, 2013

Во однос на структурата на деловните субјекти доминантни дејности во Општина Битола се Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли; Транспорт и складирање и Преработувачка индустрија. Структурата на деловните субјекти во Општина Битола е дадена во Табела 2.

**Табела 2.** Структура на деловните субјекти според Националната класификација на дејности по стопански сектори:

| Реден број | Стопански сектор | Број на регистрирани субјекти |
|---|---|---|
| 1 | Земјоделство, шумарство и рибарство | 277 |
| 2 | Рударство и вадење на камен | 6 |
| 3 | Преработувачка индустрија (производство на прехранбени производи и пијалоци, производство на тутунски производи, текстилни ткаенини, штавење, доработка и производство на кожа, | 364 |

| | | |
|---|---|---|
| | производство на куфери, торби и обувки, преработка на дрво и производи од дрво, производство на целулоза, хартија и производи од хартија) | |
| 4 | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 5 |
| 5 | Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 12 |
| 6 | Градежништво | 163 |
| 7 | Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила и мотоцикли | 1 498 |
| 8 | Транспорт и складирање | 388 |
| 9 | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 244 |
| 10 | Информации и комуникации | 68 |
| 11 | Финансиски дејности и дејности на осигурување | 16 |
| 12 | Дејности во врска со недвижен имот | 15 |
| 13 | Стручни, научни и технички дејности | 297 |
| 14 | Административни и помошни услужни дејности | 84 |
| 15 | Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување | 9 |
| 16 | Образование | 59 |
| 17 | Дејности на здравствена и социјална заштита | 192 |
| 18 | Уметност, забава и рекреација | 71 |
| 19 | Други услужни дејности | 212 |
| 20 | Дејности на домаќинствата како работодавачи, дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | / |
| 21 | Дејности на екстратериторијални организации и тела | / |
| Вкупно | | 3 980 |

Од Април 2010 година, со цел да се поддржи економскиот развој во Битола, формирана е Фондацијата Бизнис Стартап Центар Битола. Мисијата на Фондацијата е да придонесе кон економски развој во Република Македонија, преку промовирање на претприемништвото и поддршка на МСП. За да ја исполни својата мисија Фондацијата БСЦ Битола ги поддржува потенцијалните претприемачи за основање на сопствен бизнис и постоечките МСП за понатамошен развој на нивните бизниси преку понуда на различни видови на услуги: изработка и ревизија на бизнис планови; бизнис обуки кои помагаат во пишувањето на бизнис план, како и во стекнување на бизнис вештини; обуки наменети за бизнис секторот; комплетно следење на равојот на компаниите пред и по самата регистрација; поволни микро-кредитни линии за мали и средни претпријатија; рефундација на средства за основање нова компанија; анализи на пазарот; бизнис консултации, советувања и коучинг; вмрежување; промоција на поддржаните компании; организирање и поддршка на семинари и конференции; канцелариски простор (конференциски сали и тренинг сали); подготвување и објавување на стручни материјали и публикации (издадени се преку 20 стручни книги и публикации) итн.

Почнувајќи од 2011-та, Фондацијата го имплементира проектот на УСАИД “Бизнис без граници“ (2011-2014), во износ од 1,3 милиони американски долари. Целта на проектот е забрзување на економскиот раст во југозападна Македонија преку активности за олеснување на основање на нови претпријатија: раст и конкурентност на постојните МСП; создавање на работни места и можности за вработување и подобрување на регионалната рамка за развој МСП преку активностите на БСЦ Битола, Бизнис Инкубаторот, како и локалните и регионални партнери во јавниот, приватниот, граѓанскиот и академскиот сектор. Во рамките на тековниот проект е и поддршката на креативни и иновативни бизниси, односно креирањето на сет од алатки за трансфер на технологија. Функционирањето на БСЦ Битола, како и учеството на претставник од БСЦ во ЛЕСС Битола е од големо значење за економскиот развој на Општина Битола.

### 4.2.2. Индустриската зона „Жабени”

Во насока на создавање на поволни услови за развој на индустријата во Општина Битола, Владата на РМ донесе уредба за земјиштето во *Индустриската зона „Жабени*“ за производствени капацитети да се продава

со почетна цена за надавање од 1 евро за метар квадратен. Исто така доколку се вработат 300 нови лица, инвеститорот се ослободува целосно од надоместок за комунална инфраструктура.

### 4.2.3. Локална даночна политика на Битола

Во согласност со генералниот процес на децентрализација во Република Македонија, еден од клучните димензии е и фискалната децентрализација, т.е. фискална автономија во надлежноста на локалните самоуправи. Освен трансферите од буџетот на централната влада, кои секако следуваат во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), други закони и пратечка регулатива им овозможуваат на ЕЛС финансиска автономија и во одредувањето на висината на следниве даноци и давачки на локално ниво:

- Даноци на недвижен имот, поклон и наследство (Закон за даноци на имот)
- Комунални такси за приклучување и користење на сите видови на комуналната инфраструктура (Закон за комуналните такси), и
- Административни такси (Закон за измени на законот за административни такси)

Висината на овие локално дефинирани даноци и давачки, како и ефикасноста во нивното дефинирање и издавање дозволи и документација за старт на нови бизниси, како и проширување на дејноста или обемот на постоечките бизниси (фирми) се еден од клучните фактори на локалниот бизнис амбиент на локално ниво.

Данокот на имот во општината изнесува 0,10% од утврдената пазарна вредност на недвижноста; данокот на наследство и подарок за наследник од втор наследен ред изнесува 2%, додека за наследник од трет наследен ред е 4%, а данокот на промет на недвижности во општината изнесува 3%.

### 4.2.4. Состојба со невработеност во општина Битола

Заклучно со 31.10.2013 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија во Битола се евидентирани 6.699 невработени лица кои активно бараат работа. Според местото на живеење на невработените лица, од вкупниот број на невработени, 5.244 се невработени лица кои потекнуваат од град, додека од селата како невработени се пријавиле 1.455. Мажите во вкупниот број на евидентирани невработени се застапени со 51% или 3.412 лица, во споредба со жените кои во вкупната невработеност учествуваат со 49% или 3,287.

**Табела 3.** Број на невработени кои активно бараат работа во Општина Битола согласно полова структура и место на живеење

| Центар за вработување | Вкупно | Мажи | Жени | Град | Село |
|---|---|---|---|---|---|
| Општина Битола | 6699 | 3412 | 3287 | 5244 | 1455 |

*Според националната структура, распределбата на невработени во општината е следна:*

**Табела 4.** Број на невработени во Општина Битола согласно националната припадност

| Центар за вработување | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Власи | Бошњаци | Други |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина Битола | 6321 | 135 | 100 | 61 | 25 | 18 | 1 | 38 |

*Согласно националната структура на невработените лица кои активно бараат работа, најголем дел или 94% од невработените лица се Македонци; 2% се Албанци, 1.4% се Турци, додека останатите 2.6% од невработените лица отпаѓаат на другите националности.*

**Карактеристики на невработени според старосната структура**

Анализата на старосната структура на евидентираните невработени лица, во Агенцијата за вработување на Република Македонија, покажа дека со најголем процент од невработените лица завземаат оние со возрасна структура од 60 и повеќе години, по нив следат лица со возраст од 25 до 29 години и 50 до 59 години.

**Табела 5.** Број на невработени кои активно бараат работа во Општина Битола согласно возрасна структура

| **Центар за вработување** | **15-19 год** | **20-24 год** | **25-29 год** | **30-34 год** | **35-39 год** | **40-44 год** | **45-49 год** | **50-54 год** | **55-59 год** | **од 60 години и повеќе** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина Битола | 84 | 614 | 1030 | 730 | 567 | 570 | 532 | 552 | 775 | 1245 |

**Карактеристики на невработени според образование**

Анализата на невработените лица според степенот на образование, заклучно со 31.10.2013 год. укажува дека 1.581 невработени лица се без образование и невработени со основно образование; 1.121 лице се со непотполно средно образование; 2.065 лица се со завршено средно образование; 399 лица со више образование; 1.430 со високо образование и 103 невработени лица со звање магистер на наука.

### 4.2.5. Рурален развој во Општина Битола

Согласно Стратешкиот план за рурален развој на Општина Битола за периодот 2008 – 2013 година, Стратешките цели на Општината се фокусирани во следните области: комплетно заокружување на LEADER пристапот како официјална Програма за рурален развој на Општина Битола со зајакнување на капацитетите на Групата за Рурален Развој за имплементација и генерирање на активности за одржлив регионален рурален развој, подобрување на животните услови на луѓето во погранично-низинскиот регион преку применување на нови технологии во земјоделството, производство на храна според ЕУ страндарите и подобрување на културно-забавниот живот и подобрување на животните услови во ридско-планинскиот регион преку јакнење и развој на алтернативниот туризам. Општината располага со извонредни услови за развој на руралниот туризам, за што во последно време се насочуваат голем број на активности.

### 4.2.6. Технолошки развој

Инвестиции во основни средства

Инвестициите во основни средства во Република Македонија, за последните три години, според намената на вложувањата се дадени во табелата подолу.

Како што може да се види од табелата, на ниво на држава за 2011 година, најголеми инвестиции во основни средства имало во секторите: градежништво (29.594. милиони денари), преработувачка индустрија (12.548.милиони денари) и Транспорт и складирање (11.331. милиони денари).

**Табела 6.** Инвестиции во основни средства во Република Македонија според намената на вложувања

| **Намена на инвестициите (во милиони денари)** | **2009** | **2010** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **81 872** | **78 805** | **94 698** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 3 039 | 2 356 | 2 022 |
| Рударство и вадење на камен | 441 | 626 | 1 124 |
| Преработувачка индустрија | 14 514 | 10 327 | 12 548 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 7 310 | 7 079 | 6 570 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санитација на околината | 2 067 | 4 436 | 1 507 |
| Градежништво | 24 495 | 28 769 | 29 594 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 6 286 | 8 057 | 8 720 |
| Транспорт и складирање | 2 124 | 2 146* | 11 331 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 2 600 | 2 017* | 858 |
| Информации и комуникации | 6 793 | 5 449 | 4 722 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 2 305 | 1 890 | 1 673 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 290 | 277 | 706 |
| Стручни, научни и технички дејности | 258 | 115 | 835 |
| Административни и помошни услужни дејности | 206 | 442 | 433 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 5 553 | 6 341 | 7 252 |
| Образование | 1 286 | 1 389 | 869 |
| Дејности за здравствена и социјална заштита | 949 | 886 | 2 654 |
| Уметност, забава и рекреација | 1 265 | 324 | 1 065 |
| Други услужни дејности | 91 | 42 | 217 |

*Извор: Државен завод за статистика - Инвестиции во основни средства, 2011

На следната табела се дадени Инвестиции во основни средства според намената на вложувањата за општина Битола.

**Табела 7.** Инвестиции во основни средства според намената на вложувањата за општина Битола

| **Дејност** | **Инвестиции во милиони денари** |
|---|---|
| Преработувачка индустрија | 364 |
| Градежништво | 349 |
| Трговија на големо и трговија на мало: поправка на моторни возила, мотоцикли | 158 |
| Транспорт и складирање | 117 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 9 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 1 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 21 |
| Образование | 16 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 379 |
| Уметност, забава и рекреација | 10 |
| Административни и помошни услужни дејности | 1 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 59 |
| Снабдување со електрична енергија, гас пареа и климатизација | 17 |

| | |
|---|---|
| Рударство и вадење камен | 18 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 29 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 7 |

*Извор: Државен завод за статистика - Инвестиции во основни средства, 2011

### 4.2.7. Истражување и развој

Економската и социјалната добросостојба на Република Македонија зависи од динамиката на продукцијата и квалитетот на апликацијата на новите знаења. Зголемувањето на компетентноста и конкурентноста на македонското општество во меѓународни рамки се објективизира во четири клучни процеси: подигањето на моќта на образованието, развојот на науката, негувањето и дисеминацијата на културата и културните вредности и стимулирањето на истражувањето и иновациите. За таа цел, согласно Националната програма за развој на образование во Република Македонија, Министерството за образование и наука презема мерки за стимулирање и поддршка на иницијативите кои се фокусирани во развојот на овие клучни полиња.

Во моментот, истражувањето и развојот во Македонија е на многу ниско ниво. Согласно Националната програма за развој на образование во Република Македонија, состојбата во Република Македонија и економската криза доведоа до уште подрастично опаѓање на можностите за примена на науката во развојот на економијата во земјата. Ваквата состојба предизвикува намалување на соработката на научноистражувачки план меѓу универзитетите, научните институции и економските субјекти. Научно-истражувачката работа во голема мерка се реализира во скромни услови и со минимални средства.

Во наредниот период, Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за креирање на балансиран и флексибилен систем на соработка меѓу клучните партнери во истражувањето и развојот. Напоредно со тоа, ќе се направат напори за зголемување на партиципацијата во интернационалните истражувачки и иновациски мрежи и зајакнување на истражувачката инфраструктура.

Покрај тоа, посебен акцент ќе се стави на поврзувањето на образованието и истражувањето со пазарот на трудот. Со воведување на новите мерки, образованието ќе обезбеди комуникација на истражувањето со променливите потреби во сферата на трудот. Овие потреби во голема мера ќе ги детерминираат карактерот и содржината на образовната политика и планирањето на образованието и обуката во идниот период. Поврзувањето на образованието и истражувањето со пазарот на трудот ќе биде подобрено со инсталирање на механизми за зголемена соработка со бизнисот и индустријата.

Еден од инструментите со кои Европската Унија ќе ја исполнува новата Лисабонска агенда се и т.н. Програми на заедницата, фондови наменети за најразлични проекти на корисници од државите-членки, кои треба да придонесат за натамошна продлабочена европска интеграција во дадени области и кои, со текот на времето, можат да прераснат во заедничка политика на ЕУ. За да се обезбеди подобро искористување на средствата распределени во различните програми на заедницата, европската комисија дури и ги поедностави програмите опфатени со финансиската рамка 2007-2013. Имено, сега постојат т.н. рамковни програми кои обединуваат неколку програми од претходната финансиска рамка, така што дојде
до унифицирање на правилата за поголема прегледност на програмите кои порано се финансираа и на оние кои се предвидени за периодот 2007-2013.

Со цел унапредување на истражувањето и науката, Македонија има на располагање неколку Европски програми. Програмата ЕУРЕКА е насочена кон развој на пазарно-ориентирани нови технологии и производи. Оваа програма им нуди на македонските истражувачки и индустриски организации конкретни можности за вклучување и соработка во меѓународни иновативни проекти. ЕУРЕКА (www.eurekanetwork.org) ќе ги подобри активностите на македонските мали и средни претпријатија, големите компании, истражувачките центри, универзитетите и јавната администрација во насока на развој на пазарно-ориентирани проекти неопходни за поддршка на економскиот раст. Покрај тоа, на Македонија и беа на располагање и средствата од Седмата рамковна програма на Европската Унија 2007-2013 наменета за најразлични истражувачки активности, почнувајќи од истражувања на политиките, па сè до најсложени технолошки истражувања. Со Програмата за конкурентност и иновации, која вреди 3,62 милијарди евра за периодот 2007-2013, претпријатијата, истражувачките центри, синдикатите, асоцијациите, агенциите, коморите, корпорациите, банките, инвестиционите фондови и уште многу други субјекти во Македонија можеа да ги користат овие поволности, и тоа во форма на грантови со цел создавање на нови претпријатија, подобрување на извозот, зголемување на инвестициите, отворање на нови работни места и поддршка на производните процеси во различни области.

Оваа програма се состоеше од три дела, и тоа: 1) Програмата за претприемништво и иновации; 2) Програмата за поддршка на политиката за информатичка комуникациска технологија, и 3) Програмата Интелигентна Енергија Европа.
Имајќи го во предвид фактот дека во општината Битола се наоѓа еден од универзитетските центри во Македонија, Универзитетот Св. Климент Охридски, дел од активностите на Општината треба да се насочат кон искористување на расположливите човечки капацитети и расположливата финансиска поддршка од националните и европските програми во оваа област.

### 4.2.8. Меѓународна соработка на Општина Битола

Општината Битола има воспоставено континуирана добра соработка со сите амбасади и конзулати на држави во Република Македонија и други меѓународни претставници. Како резултат на добрата соработка, во Битола се отворени почесни конзулати и тоа на: Република Франција, Велика Британија, Република Турција, Руската Федерација, Република Словенија, Република Хрватска , Република Грција, Република Унгарија ,Република Србија, Република Црна Гора, Републија Романија, Република Бугарија, Република Украина.

Во Битола функционира американско информативно катче наречено "Амеркански корнер", а активни се и повеќе здруженија за пријателство и соработка: од Франција, Германија, Грција, Србија, Хрватска, Русија, Романија, Велика Британија, Кина, Австрија, САД, Полска и др.

Општина Битола долги години успешно ја негува соработката со повеќе градови – општини од странство, а тие се: Епинал од Франција, Крањ од Словенија, Бурса од Турција, Павловск (Санкт Петерсбург) – Руска Федерација, Трелеборг - Шведска, Рокдејл (Сиднеј) – Австралија, Инерштад (Виена) – Австрија, Пожаревац, Горни Милановац, Стариград (Белград) – Србија, Херцег Нови – Црна Гора, Кајзерлаутерн – Германија, Сплит – Хрватска, Кременчук – Украина, Лерин, Воден, Кожани, Сикис (Солун) – Грција, Корча – Албанија, Плевен – Бугарија и Браила – Романија.

Активната меѓународна соработка на Општината придонесува кон успешна меѓународна промоција, која се очекува да изврши значително влијание за подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на Општина Битола на среднорочно и долгорочно ниво.

### 4.2.9. Правна регулатива

Најголем дел од меѓународните прописи и инструменти со кои се регулира областа на социо-економскиот развој, како и конвенции, национални закони и други прописи се донесени во државата. Реален проблем е несоодветно спроведување на постоечките законски рамки заради слабите механизми на спроведување и мониторинг. Меѓутоа, државата константно спроведува реформи и ги јакне капацитетите на сите релевантни чинители во општеството со цел да се подобри ситуацијата.

## 4.3. SWOT анализа на Економскиот развој во Општина Битола

SWOT анализата (анализата на силните и слабите страни, како и можностите и заканите) за економски развој во Битола е претставена во следната табела

**Табела 8.** SWOT анализа за економскиот развој во Општина Битола

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Квалификувана работна сила<br>• Расположливи индустриски капацитети<br>• Поволни услови за инвестиција<br>• Поволности во ИЗ Жабени<br>• Постоење на БСЦ<br>• Универзитетски град<br>• Природни ресурси и препознатлив имиџ<br>• Голем потенцијал за вградување на топлински пумпи за греење, ладење, санитарна топла вода<br>• Голем потенцијал за искористување на сончевата | • Непостоење на асфалтна база<br>• Неусогласување на работна сила со потреба на пазар на труд<br>• Казнетиот систем на локално ниво за МСП<br>• Немање на затворен базен<br>• Бавни процедури и високи трошоци<br>• Немање на доволно паркинг места<br>• Немање на проектно одделение во општината<br>• Нефункционалност на аеродоромот во село Логоварди |

| | |
|---|---|
| енергија<br>• Голем потенцијал за енергетски насади од кои се добива биомаса, како и користење на постоечката биомаса за производство на енергија | |
| **Можности** | **Закани** |
| • Брза преквалификација на работната сила<br>• ЈПП, активни мерки за вработување<br>• Близина на ЕУ-15км<br>• Искористување на ЕУ фондови<br>• Искористување на фондови од донатори<br>• Соработка во Пелагониски регион<br>• Погранична соработка<br>• Можност за искористување на топлинска енергија од РЕК-Битола<br>• Повторно отварање на железничка врска Битола-Лерин-Солун | • Неповолна законска регулатива кон МСП<br>• Политички промени<br>• Миграциии на високо квалификувана млада сила<br>• Неповолна микро клима за бизниси<br>• Нерешени имотно правни односи |

Силни страни на економскиот развој на општина Битола се расположливите индустриски капацитети, поволните услови за инвестиции, поволностите што ги нуди индустриската зона Жабени и постоењето на БСЦ - бизнис старт-ап центарот. Исто така Битола претставува универзитетски град кој располага со квалификувана работна сила, со природни ресурси и препознатлив имиџ. Во градот и околината постои голем потенцијал за искористување на сончевата енергија и за вградување на топлински пумпи за греење, ладење и санитарна топла вода.

Слаби страни на економскиот развој на општина Битола се неусогласување на работната сила со потребите на пазарот на трудот и непостоење на асфалтна база во општината. Како други слаби страни беа напоменати бавните административни процедури и трошоци.

Утврдените можности за економскиот развој на општината Битола се, брзата преквалификација на работната сила, воспоставување на Јавно приватно партнерство и искористување на активни мерки за вработување, интензивирање на Соработката во Пелагонискиот регион, интензивирање на прекугранична соработка имајќи ја во предвид близината на ЕУ (само 15км), повторно отварање на железничка врска Битола-Лерин-Солун. Искористување на Европските фондови и фондови на други донатори исто така претставува можност во околината која општината треба да ја искористи за реализација на зацртаните цели. Покрај тоа беше потенцирана и можноста за искористување на топлинската енергија од РЕК-Битола.

Главни закани за економскиот развој на општината Битола се неповолната законска регулатива кон МСП, политички промени, миграциите на високо квалификувана млада сила, неповолна микро клима и нерешени имотно правни односи. Идентификувањето на заканите за економскиот развој на општината е важен чекор во планирањето на идните активности, со цел да се ублажи или минимизира нивното влијание врз економскиот развој и квалитетот на животот во општина Битола.

SWOT анализата е многу важна во процесот на стратешко планирање, бидејќи овозможува идентификување и дефинирање на стратешките приоритети.

### 4.4. Анализа на засегнати страни во Економскиот развој на Општина Битола

Анализа на засегнатите страни се состои од идентификување на внатрешните и надворешните засегнати страни и корисници на услуги и утврдување на нивните потреби. Оваа анализа има за цел да ги утврди постапките на комуникација со внатрешните и надворешните засегнати страни, да се утврдат проблемите и потребите за да можат тие прашања да се обработат и да се пронајде решение преку соодветни мерки.

Резултатите од анализата на внатрешните/надворешните состојби претставуваат основа за сите други фази во стратешкото планирање, но и основа или појдовна точка за споредување и оценка на напредокот во спроведувањето на стратешкиот план и за негово ажурирање. Затоа, сите прибрани податоци и информации, самиот процес на анализирање и сите наоди треба детално да се евидентираат и чуваат.

**Табела 9** Анализа на засегнати страни во економскиот развој на Општина Битола

| ГРУПИ НА ИНТЕРЕС | КОЈ Е НИВНИОТ ИНТЕРЕС | КАПАЦИТЕТ/ МОТИВАЦИЈА | РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ ГРУПИ (++/--) | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПЛАНИРАНИОТ ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| Здружение на граѓани | Партиципација во носење одлуки, политики | Високо ниво | Општина + | Партнери во имплементација на активности |
| Регионална стопанска комора | Јакнење на политиките | Високо ниво | Општина ++ БСЦ ++ | Позитивно, партнери во активностите |
| Бизнис стартап центар | Намалување на невработеноста и поддршка на МСП | Средно ниво | Општина ++ РСК+ | Навремена информираност |
| Локално население | Подобри економски услови за живот | Средно ниво | НВО+ Општина + | Позитивно, корисници на услугите |
| Агенција за вработување | Јакнење на политиките и промоција на мерките | Високо ниво | Општина + + | Партнери во имплементација на активности |
| Општина | Подобрување на економската состојба и квалитет на живот на сите граѓани | Одличен капацитет и мотивација | ++ | Позитивно, одговорна за имплементација и координација на активностите |

## 4.5. Анализа на резултатите од истражувањето

Во текот на изработката на Стратегијата, со цел да се добие мислење од поголем број на активни субјекти од областа на бизнисот, беше спроведена анкета за моменталната состојба, проблемите, потребите на бизнисот и видот на поддршка потребна за подобро и поефикасно функционирање на деловните субјекти. Во анализата беа вклучени деловни субјекти од повеќе области на делување трговија, земјоделство, градежништво, угостителство и преработувачки капацитети со различни правни форми на делување.

**Графикон 2**. Состојба на фирмата споредено со периодот пред три години




Во однос на прашањето *Како би ја оцениле генералната состојба во вашата фирма во моментов, споредено со состојбата пред три години?* најголем дел од деловните субјекти (50%) се изјасниле дека состојбата во фирмата е малку подобра во однос на периодот пред три години, додека по 16,67% од испитаниците изјавиле дека состојбата е малку полоша, многу полоша, како и значително подобра.

Причините за влошување на состојбата согласно анкетираните деловни субјекти се: намалена побарувачка, непроменети продажни цени на производите, зголемени цени за трошоците, енергија и други давачки, како и намалена потрошувачка на производите.

**Графикон 3**: Процентуална распределеност на купувачите на производите наменети за локален пазар




На прашањето *Каква е процентуалната распределеност на купувачите на Вашите производи/услуги наменети за локалниот пазар?* одговорот на деловните субјекти е во соодност 1:3 во корист на локалното население.

Сепак имајќи го во предвид високиот процент на странски туристи кој во последните години е во значителен пораст и има голем удел во купувањето на локални производи, препорака е да се обрати посебно внимание на нивните потреби и прилагодување на локалните производи кон барањата на туристите.

Во однос на прашањето *Дали работната сила која се нуди на пазарот одговара на вашите потреби и барања?* 50 % од деловните субјекти изјавиле дека постоечката работна сила одговара со нивните потреби, 17% одговориле дека не одговара на потребите, додека 13% се изјасниле дека постоечката работна сила одговара на нивните барања, но потребно е да се изврши доквалификација и дообука на тимот. Предложени доквалификации и нови профили кои недостасуваат на пазарот на труд, согласно анкетата се квалифицирани шивачки, текстилни контролори за квалитет и механичари за текстилни машини.

**Графикон 4.** Потреби за обука на вработените во бизнис секторот




Во однос на потребите за обука на вработените, со цел поефикасно и поуспешно работење, најголем дел од деловните субјекти наведоа дека обуките за претприемништво и контрола на квалитет се врвен приоритет (80%), потоа следуваат англиски јазик и нови технологии во производството (60%), компјутерски вештини, менаџмент со човекови ресурси, деловно преговарање и финансиски менаџмент (40%) додека најмал приоритет, но сепак важен за функционирање на бизнисите беа обуките за грчки јазик, маркетинг и сметководство (20%).

Покрај веќе споменатите обуки, беше истакната потребата за организирање на обука на конфекционери.

Со оценки од 1 до 5 беше оценета моменталната состојба за водење бизнис во општината. Согласно резултатите од анализата за условите за водење бизнис во општината, како најголем проблем за испитаниците беше наведена патната инфраструктура. Јавните услуги во општината беа оценети со највисока оценка – добри,  додека другите услови: функционирање на Канцеларија за локален економски развој и општинска администрација, Обезбедување на обука и експертиза за бизнисот, Инфраструктура за поддршка на бизнисите, Процедури за бизнис, Реформа на политиките за локално оданочување, Квалитет на живот беа оценети како доволно развиени. Главната препорака од деловните субјекти беше подобрена комуникација со општинската власт со цел навремено информирање за актуелни теми и можности.

**Графикон 5.** Оценка на моменталната состојба за водење бизнис во Општина Битола




Мислењето на бизнис секторот е дека генералните проблеми со кои се соочува бизнисот во општината не се од локално ниво, но Општинската власт би можела да даде насоки во обезбедувањето на потребен кадар, организирање на обуки за докфалификација на кадри, а исто така и да понуди поддршка на бизнисите, особено во делот на оданочувањето кое е под ингеренција на Општината (пр. даноците на имот и сл).

Сите овие аспекти беа земени во предвид во изработката на Стратешкиот план и потребната поддршка од општината која е вклучена во Стратешкиот план во периодот 2014-2018 година.

# 5. ТУРИЗАМ

## 5.1. Туризмот во Општина Битола

Вкупниот број на туристи кои го посетиле градот Битола во периодот јануари 2011 до ноември 2013 година, согласно Државниот завод за статистика на Република Македонија е претставен во следните графикони.

**Графикон 6.** Број на туристи




**Графикон 7.** Број на ноќевања на туристите




Согласно податоците, вкупниот број на туристи во горенаведениот период изнесува 72,670 од кои 50,4% отпаѓаат на домашни туристи, додека 49,6% се странски туристи. Во однос на бројот на ноќевања, исто така бројот на ноќевања на домашни туристи - 53,6% е поголем во однос на странските туристи - 46,4%.

**Графикон 8.** Број на туристи по земја на потекло



Целосната табела со бројот на туристи по земја на потекло е дадена во прилог.

**Табела 8.** Број на туристи во Битола по земја на потекло

| Земја на потекло | Број на туристи | Земја на потекло | Број на туристи |
|---|---|---|---|
| Австрија | 546 | С А Д | 921 |
| Албанија | 2645 | Други северно-американски земји | 2 |
| Белгија | 372 | Бразил | 51 |
| Белорусија | 29 | Други земји од Јужна и Средна Америка | 26 |
| Босна и Херцеговина | 301 | Израел | 469 |
| Бугарија | 1436 | Јапонија | 65 |
| Велика Британија | 697 | Кина | 109 |
| Германија | 1918 | Кореја, Република | 16 |
| Грција | 4132 | Други азиски земји | 92 |
| Данска | 173 | Австралија | 2843 |
| Естонија | 29 | Нов Зеланд | 28 |
| Ирска | 36 | Други земји од Австралија и Океанија | 15 |
| Исланд | 8 | Чешка | 621 |
| Италија | 1082 | Швајцарија | 286 |
| Кипар | 50 | Шведска | 586 |
| Косово* | 190 | Шпанија | 218 |
| Латвија | 18 | Други европски земји | 123 |
| Литванија | 17 | Јужна Африка | 5 |
| Луксембург | 6 | Други африкански земји | 32 |
| Малта | 28 | Канада | 384 |
| Норвешка | 131 | Чешка | 621 |
| Полска | 281 | Швајцарија | 286 |
| Португалија | 29 | Шведска | 586 |
| Романија | 569 | Шпанија | 218 |
| Руска Федерација | 616 | Други европски земји | 123 |
| Словачка | 1122 | Јужна Африка | 5 |
| Словенија | 1317 | Други африкански земји | 32 |
| Србија | 3155 | Канада | 384 |
| Турција | 3806 | Франција | 1372 |
| Украина | 76 | Холандија | 1267 |
| Унгарија | 117 | Хрватска | 1032 |
| Финска | 349 | Црна Гора | 200 |

Во однос на земјата на потекло, како што е наведено во графиконот во прилог, најголем број од туристите доаѓаат од Австралија, Грција, Турција, Србија, Албанија и Италија. Имајќи го во предвид фактот дека најголем број туристи од Австралија се иселеници од Битола со семејствата, во Стратешкиот план Општината Битола подготвува специјален пакет на услуги за оваа целна група, како и пакети на услуги за другите целни групи.

### 5.1.1. Туристичка инфраструктура

Во последните неколку години Општината Битола прави сериозни напори за градење на туристичка инфраструктура. На трите магистрални влезови во градот се поставени информативни билборди, кои се среќаваат и на две места во центарот. На главната улица посетителите можат да се информираат на

македонски и англиски јазик за природните богатства и културно историското наследство на целиот регион преку 2 електронски инфо-киосци. Сигналитиката на културното наследство со тријазични информации е распространета низ целото централно градско подрачје.

Локалитетите со културно историски споменици, музејот и галеријата посетителот може да ги најде следејќи ги патоказите уште од регионалните патишта кои водат кон градот.

Во околината на градот, поточно по делумно уредените патеки на Баба планина и Кајмакчалан, посетителите можат на лице место да се информираат за историското наследство и природните одлики преку мноштво двојазични туристички информативни табли.

Битола располага со официјален тријазичен туристички портал www.bitolatouristinfo.com, кој изобилува со корисни информации за сите туристи и заинтересирани субјекти кои планираат да го посетат градот и неговата околина. Порталот поседува богата содржина на информации поврзани со историјата, културата и традицијата на градот Битола. Покрај тоа, објавени се информации за сместувачките капацитети со кои располага градот и неговата околина, ресторанite, туристичките агенции, рент а кар агенции, транспорт од и до Битола, електронска мапа како и сета пропратна инфрастуктура неопходна за организирање на комплетен престој на домашни и странски туристи во Битола.

Градот располага и со туристички инфо сет со разгледници од и туристичка карта за целото подрачје на Битола, како и Водич за Битола.

### 5.1.2. Културни институции

Спечифичен по својата местоположба, историски развој и секако по своите културни карактеристики, Битола е град кој изобилува со културни институции од секаков вид.

Меѓу нив најзначајни се:

**НУ. Завод за заштита на споменици на култура и Музеј Битола**, во чиј состав влегуваат археолошката поставка, Спомен соба на Кемал ататурк, Градската соба, изложбени сали, Спомен куќа на Стив Наумов, Спомен куќа на Гоце Делчев, Антички Локалитет Хераклеа Линкестис, Магаза, Уметничка Галерија, Меморијален музеј Смилево и голем број на други заштитени културни споменици.

**НУ. Народен Театар - Битола**, располага со 420 седишта и современа сцена. Во поновиот период извел над 500 премиери со над 7.000 преставии и со над 20.000 посетители. Народниот Театар претставува вистински презентер на културата во градот и на Република Македонија, учесник е на безброј фестивали, и скоро на сите континенти и ги има добиено скоро сите светски признанија.

**Центарот за култура** со околу 1.000 $m^2$ корисна површина. Ценатарот располага со голема универзална сала со 850 седишта, мала сала со 115 седишта, изложбен простор, диско – клуб, ресторан, филм-кафе и други придружни објекти.

**Истриски Архив**, располага со 1.266$m^2$ современ архивски простор со големо архивско дело, работилници, лабараторија, читална и други работни простории.

**НУУВ *Св. Климент Охридски* - Битола**, модерна, современа, урбана библиотека со 500,000 монографски изданија и бројна периодика, располага со 4 големи читални, една детска, 2 за периодика, 1 роднокрајна читална, 6 поединечни читални и интернет центар.

### 5.1.3. Културни настани

Градот бележи долга листа на традиционални **културни настани** од кои поголемиот број имаат национален и меѓународен карактер. Дел од традиционалните настани кои ги одбележува општината се:

- Коледарски оган
- Ден на пролетта
- Ден на културата
- Битолско културно лето – Бит Фест (институционализиран)
- Младински фестивал Битола Отворен Град

- Локум фест
- Интернационален фестивал на аматерски документарен филм “Камера 300”
- Интерфест – фестивал на сериозна музика (институционализиран)
- Дочек на Нова Година
- Интернационален Фестивал на филмската камера “ Милтон Манаки” (институционализиран)
- Мал Битолски Монмартр – Детска Ликовна Колонија (институционализиран)
- Илинденски Денови – Фолклорен фестивал (институционализиран)
- Европски денови на Културно наследство
- Фестивал на монодрамата (институционализиран)
- Битолско Графичко Триенале (институционализиран)

### 5.1.4. Културни атракции

Градот Битола располага со голем број на културни атракции кои ја прават туристичката понуда богата и комплетна за потребите на сите групи на туристи. Поважни културни атракции во Битола се следните:

**ЦРКВА Св. ДИМИТРИЈА**

Ова е најголемата црква во Битола. Изградена е во 1830 год. на местото на некогашен мал параклис. Била изградна со одобрение на турските власти, но под услов објектот да биде скромен и незбележителен објект. Поради тоа црквата е вкопана во земја. Централниот црковен иконостас бил изработен од мајстори припадници на македонската резбарска школа.

**ЦРКВА Св. БОГОРОДИЦА**

Изградена е во 1872 год. како трокорабна базилика. Опкружена е од три страни со покриен и застаклен трем над кој се подигнати галерии. Подот е вкопан и е послан со камени плочки. Олтарот е украсен со иконостас изработен во копаница, веројатно дело на мијачките мајстори. Во западниот дел на северниот кораб се наоѓа гробот на владиката Григорије, кој е изграден над земја во вид на споменик.

**КАТОЛИЧКА ЦРКВА Пресвето срце исусово**

Католичката црква во Битола е изградена 1877 година, обновувана 1900 и 1909 година, а камбанаријата е подигната во 1930 година.

**СИНАГОГА**

Од неколкуте еврејски синагоги денес постои само една која е целосно изградена и реставрирана на местото на некогаш постоечката синагога.

**АЈДАР КАДИ ЏАМИЈА**

Изградена во 1561 год. според проектот на прочуениот турски архитект Синан Мимар. Има квадратна основа со страни по 11м и висина 20м. Двата крајни столба се изведени од бел мермер. Џамијата имала две минариња и отворен трем.

**ЈЕНИ ЏАМИЈА**

Изградена е во 1558 год. од Кади Махмуд – ефендија. Основата е квадратна со страни по 12,78м. Покриена е со купола висока околу 19м. Најкарактеристични нејзини делови се затворениот трем и фајансните декорации. Овој објект се користи и како уметничка галерија.

**ХАЏИ МАХМУД БЕГ ЏАМИЈА**

Оваа џамија која е лоцирана во Старата битолска чаршија била изградена во 1552 год. Таа претставува делумно сочуван комплекс во чиј состав освен џамијата влегувале и медеса, библиотека и мектаб.

**АМАМ ДЕБОЈ турска бања**

Изграден е во XVI – XVII век. Се состои од машки и женски дел украсен со богата декорација. На дел од ѕидовите, од самиот малтер во плиток рељеф се изведени разни геометриски фигури, кои се добро сочувани. Подоцна се користел како магацин за различна стока, па така го добива денешното име Дебој.

**САAT-КУЛА**

Изградена е за време на турското владеење. Основата е квадратна со страни од 5,8м, влезот е на северната страна низ полукружна засводена врата. Спирално изведените скали водат до врвот на кулата. Висока е околу 30м и со својата централна положба претставува историски споменик кој му дава оригинален печат на целиот град.

**ЗАНДАН КУЛЕ – одбрабмбен објект**

Објектот е изграден во XVII век како приватна кула за заштита од евентуални напади или крвна одмазда. Изградена е до еден поголем чифлик, во станбен блок населен исклучиво со турско и албанско население. Приземјето се користело за засолниште и престој на женските членови од семејствата. За време на илинденскиот период било претворено во затвор, заради што го добило и името Зандан куле. Денес тоа се наоѓа во дворот на училиштето Стив Наумов.

**СТАРА КАСАРНА**

Денешната зграда на Завод Музеј и Галерија е некогашната воена турска гимназија, која била изградена кон крајот на 19 век. Покрај своите архитектонски вредности, таа има и историски карактеристики пред се поради фактот што во неа се школувал творецот на Младо-турската револуција, Кемал Ататурк. Во негова чест во оваа зграда постои и негова спомен соба.

**БЕЗИСТЕН атрактивна покриена чаршија**

Се верува дека е граден при крајот на XV или на почетокот XVI век и бил наменет за трговска размена, како и за сарафска (банкарска) дејност, заради што и влезните врати биле заштитени со железни порти.

### 5.1.5. Природни атракции

*Природни атракции во градот и околината*

Посебен природен ресурс од интерес за развојот на туризмот во самиот град претставува реката **Драгор** која нуди низа можности за развој на содржини долж нејзиното течение. Нејзиното длабоко корито, во делот кој минува низ централното градско подрачје е уредено, но не и искористено од аспект на туристичка понуда. Во горниот дел на нејзиното течение низ самиот град, поточно над „Црн мост" каде реката прави широки брегови, постои можност за изградба на шеталишни кејови со рекреативно спортски содржини. Пред влезот на реката во самиот град и над месноста „Довлеџик", реката нуди можност за уредување на излетнички локации и кампинг. Во овој дел на нејзиното течение, во времето на османлиското владение овде биле изградени сараи како монденско излетничко место за турската аристократија.

Друга „градска" природна атракција претставува ридот **Тумбе кафе** кое го заградува градот од неговата јужна страна. Оваа проценка ги истакнува секому познатите потенцијали на Тумбе кафе и Градскиот парк, локација која има долга историја како битолска атракција за сите љубители на рекреацијата и рекреативните спортови. Потенцијалите за развивање на туристички содржини на оваа локација се предмет на истражување и планирање на низа претходни документи, од кои добар дел се реализреани или се наоѓаат во фаза на реализација.

Од аспект на туризмот слична е ситуацијата и со повеќето **излетнички места** кои се наоѓаат во непосредна близина на градот како што се оние околу селата Крстоар, локалитетот Неолица, „Кисела вода" кај с. Бистрица, „Кркардаш", Братиндолските ливади, околината на селата Моловишта и Гопеш. Големиот број на викендички изградени во близината на овие места зборува за нивната природна привлечност, за нивната сообраќајна достапност и релативната урбанизираност (електрична енергија и водоснабдување). Но, од аспект на туризмот и туристичката понуда истите се скоро целосно занемарени.

*Природни атракции надвор од градот*

Разгледувајќи ги атрактивните природни ресурси кои го окружуваат градот, најпрвин паѓаат в очи низата пејсажи вдолж подножјето на Баба планина и пејсажите од Облаковско-снеговската планина. Тие претставуваат зелен крајолик кој ги окружува многубројните слабо населени, брдско-планински села и ги крие изолираните манастири како и чисти еколошки средини подобни за развој на руралниот и еко туризмот.

Изворот на реката Драгор се наоѓа во повисоките делови на планината Баба меѓу 2.000 и 2.200 мнв, додека пак големиот број планински реки имаат изразит планински карактер и се богати со доста чиста и ладна вода.

Но, кога се проценуваат природните атракции со кои располага Општината Битола, она што отскокнува по своите ретки убавини е планинскиот масив на Баба планина кој е препознатлив како Пелистер на територијата на целиот Балкан, како и помеѓу  голем број на љубители на планините од Западна Европа и пошироко низ светот. Во изминатите неколку децении, повеќе западно европски инвеститори и инвестиртори од целиот свет покажале интерес за вложување во туристички капацитети и услуги кои би се лоцирале на оваа планина.

Инаку, релјефот на **ПЕЛИСТЕРСКИОТ МАСИВ** го сочинуваат повеќе врвови повисоки од 2000 метри од кои се протегаат величенствени панорами на исток кон Пелагонија и Кајмакчалан, а на запад кон Преспанското езеро и Галичица. Заради природните убавини што ги сочинуваат шумите на ***борот – Молика***, како реликт на терциерната флора, гранитните маси од кои е изграден Пелистер и неговиот морфолошки релјеф, а посебно глацијалниот релјеф во алпскиот дел од планината. ***Со посебен Закон, Пелистер е прогласен за прв Национален парк во Република Македонија и поранешна Југославија, во 1948 год.***

Пелистер има развиена хидрографска мрежа, така што ова подрачје изобилува со извори, потоци и планински реки, а има и две глацијални езера. Со посебна природна привлечност се издвојуваат двете глацијални езера: Големо и Мало Езеро познати како "Пелистерски Очи". Големото Езеро се наоѓа надморска височина од 2.218 метри, долго 223 метри, широко 162, длабоко 14,5 метри. До самото езеро има изграден планинарски дом кој може на посетителите да им овозможи престој повеќе денови. Малото Езеро е на надморска висина од 2.180 метри оддалечено околу 2 километри од Големото Езеро. Има кружен облик, со најголема длабочина од 2,6 метри.

Растителниот и животинскиот свет на Пелистер е мошне разнообразен, па оттаму и неговото специфично ботаничко и зоолошко значење. Многу видови од флората и фауната на овој масив претставуваат ендемитети карактеристични само за оваа планина, или се ретки македонски и балкански ендемитети. На пример, единствено во водите на овие две езера се среќава пелистерскиот реликтно-ендемичен вид харпактикоидно копеподно ракче *(Arcticocamptus macedonicus)*. Веб страницата www.nppelister.org.mk на националниот парк Пелистер нуди корисни и богати податоци.

**НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК ПЕЛИСТЕР** е оддалечен 15 км од Битола, 65 км од Охрид и 30 км од Преспанското езеро и зафаќа пошироки простори кои во своите карактеристики значително се разликуваат од својата непосредна и подалечна околина. Неговата површина изнесува – 12.500 ха со надморска височина од 700 до 2.600 м. Националниот парк Пелистер е организиран во три зони: строго заштитена (1500 ха), туристичко рекреативна и мелиоративна зона.

*Туристичко-рекреативната зона* зафаќа 4200 хектари. Оваа зона располага со изобилство на природни убавини кои се користат за одмор и рекреација. Утврдени се, условно речено, две подзони: едната ја опфаќа Голема Ливада, Бегова Чешма и Копанки. Таа е особено атрактивна и тука се наоѓаат најголем дел од сместувачките капацитети. Туристичко-рекреативната подзона Ниже Поле, исто така дава можности, особено за развој на зимскиот туризам. За таа цел изработена е студија од страна на Кооперативното ателје за Архитектура и урбанизам во Женева, каде се предвидува користење на терените во месноста Орлови Бари.

Третата, таканаречена *мелиоративна зона на Пелистер* опфаќа предели од втора и трета категорија по значење. Тоа се предели претежно со шуми и пасишта. Се разбира и во оваа трета зона третманот на сите предели е определен во претходно изработени програми.

Планот за управување со НП Пелистер за периодот 2006 – 2015 е еден од ретките долгорочни документи кој го третира управувањето, одржливиот развој и искористувањето на овој за битолчани најатрактивен природен ресурс. Затоа секое поглобално планирање треба да направи напор да ги инкорпорира неговите содржини.

Согласно новиот Закон за заштита на природата, управувањето и заштитата на Националниот парк Пелистер го врши јавната установа Национален парк Пелистер која ја наследи организација на здружен труд „Управа на Национален парк Пелистер". Актот за прогласување на јавната установа Национален парк Пелистер е усвоен во јануари 2006. Јавната установа ги превзема средствата и опремата од постојниот

субјект како и вработените, а во согласност со новите акти за внатрешна организација и систематизација на работите и задачите. Во моментот Управата на Националниот парк Пелистер има седумнаесет вработени од кои пет стручни лица со висока стручна спрема. Постојната шумочуварска служба се состои од пет постојани шумочувари. Покрај постојано вработените, Паркот редовно вработува девет или повеќе сезонски работници, согласно потребите, а пред сè како засилување на шумочуварската и техничката служба.

*Природни атракции во регионот*

Атрактивните локации во регионот кои може да бидат дел од туристичката понуда на градот се следните:

- Кајмакчалан

Планината Ниџе која се простира југоисточно од градот Битола е карактеристична по својата недопрена природа, боровите шуми, чистите реки и пасиштата на над 2000 м надморска висина. Највисок врв е Кајмакчалан (2521м). На овој врв се наоѓа мала црква и гробница на српските војници од Првата Светска војна. Овој локалитет е особено атрактивен за ловците, риболовците, како и љубителите на авантуристичкиот туризам.

- Преспанското Езеро и Преспа

Соседната општина Ресен и природни убавини на Преспанското Езеро, крајбрежјето на Долна и Горна Преспа, Баба планина и Галичица се неизбежен дел од програмата за посети и разгледување на секој посетител кој останува во Битола повеќе од два дена. Тенденциите за регионално поврзување на општините од овој регион неизоставно го нагласуваат планирањето и развојот на интегрирана туристичка понуда.

- Демир Хисар

На територијата на Општината Демир Хисар, која се одликува со густи шуми и многу планински реки, богата флора и фауна се наоѓаат многу села и локалитети богати со етно културолошки, историски и археолошки знаменитести. Љубителите на еко туризмот, руралниот туризам, ловот, риболовот и манастирскиот туризам често ја вклучуваат посетата на демирхисарските села и природа во својата агенда кога доаѓаат во посета на Битола.

- Крушево

Околината на Крушево и прекрасниот архаичен град Крушево се сами посебе посебна туристичка целина. Затоа посетителите на Битола често во својата обиколка го вклучуваат и овој близок туристички центар.

- Флорина/Лерин

Околијата Флорина – Лерин која е најблиската околија од соседна Грција исто така обилува со природни атракции кои се особено интересни за иселениците кои ја посетуваат Битола во летната сезона. За потребите на оваа проценка ги издвојуваме пределите на планината Вигла, како и локалитетите на Долна Преспа.

Во зимскиот период посетителите на Битола, како и самите битолчани ги посетуваат добро организираните скијаш/чки терени на Вигла.

Заедничка одлика на сите погоре наброени природни атракции во регионот е што или немаат развиено било каква туристичка понуда (Кајмакчалан и Демир Хисар) или имаат скромна туристичка понуда (Преспа, Крушево, Флорина) која не е насочена кон посетителите кои им доаѓаат или би сакале да ги посетат од правецот на Битола.

### 5.1.6. Угостителство и сместувачки капацитети

Согласно податоците од пописот на Државниот завод за статистика, вкупниот број на сместувачки капацитети во Битола изнесува 16, додека вкупниот број на угостителски објекти изнесува 256 ресторани и угостителски објекти кои нудат кафе и пијалоци. Режимот на нивната работа, како и хигиенските стандарди и работното време, се под контрола на локалните и републичките органи надлежни за спроведување на прописите од оваа област.

Земајќи ги во предвид фактите кои се однесуваат на туристичка инфраструктура во надлежност на Општината Битола, може да се потврди значителниот напредок кој во последниве години е направен во овој за туризмот клучен сектор.

Активностите за почиста Битола, уредувањето на Градскиот парк и другите зелени површини, уредувањето на тротоарите, проширувањето на паркинг просторите, Новиот пазар, формирањето на Поставувањето на сигналитиката во централното градско подрачје, како и промовирањето на туристичката тура „Следи ја златната линија“ се дел од овој напредок. Со имплементација на активностите во Стратешкиот план се значително ќе се подобри состојбата во областа на туризмот во општината од аспект на комплетност на туристичка понуда и атрактивна туристичка инфраструктура.

## Сместувачки капацитети

По однос на вкупните сместувачки капацитети, по број на легла Пелагонискиот регион со вкупен број на соби 34,927 и број на легла 10,310 завзема второ место во Република Македонија, веднаш по Југозападниот регион. Бројната состојба на капацитетите за сместување по региони за 2012 година е претсавена во следната табела:

**Табела 9.** Капацитетите за сместување по региони за 2012

| Капацитети за сместување, по региони | | |
|---|---|---|
| | Број на соби | Број на легла |
| Република Македонија | 26 877 | 70 287 |
| Вардарски | 689 | 1 829 |
| Источен | 599 | 1 721 |
| Југозападен | 16 035 | 41 458 |
| Југоисточен | 2 298 | 6 088 |
| *Пелагониски* | *3 497* | *10 310* |
| Полошки | 1 014 | 3 059 |
| Североисточен | 306 | 653 |
| Скопски | 2 439 | 5 169 |

Согласно пописот на угостителство извршен во 2008 година, вкупниот број на капацитети за сместување во Битола изнесува 16, бројот на соби е 481, со 1,296 легла. Согласно Државниот завод за статистика на Република Македонија, вкупниот број на вработени кои ги опслужуваат овие капацитети е 311.

**Табела 10.** Капацитети за сместување, според Пописот на угостителството

| | Број на угостителски објекти | Број на соби | Број на легла | Површина на објектите (м2) | Број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|
| Битола | 16 | 481 | 1 296 | 33 696 | 311 |

Градот располага со сместувачки капацитети кои припаѓаат во различни категории: 1, 2 и 4 ѕвезди, кои не се доволни за привлекување на поголем број на посетители кои би останале во градот 2(два) или повеќе денови.

Покрај тоа, на располагање на туризмот се и сместувачките капацитети во „Детското одмаралиште – Пелистер, со 300 легла. Во последно време се покажува посебна тенденција на пораст на изнајмување на приватни куќи и приватни соби за туристички потреби.

Констатацијата за недостатокот на сместувачки капацитети станува уште посериозна ако се знае дека Битола претставува и регионален туристички центар на регион кој не изобилува со сместувачка понуда.

За развојот на хотелиерството во Битола охрабрувачки е фактот што повеќето од хотелските објекти се изградени во последната деценија, се современо опремени и вработуваат млади и амбициозни кадри.

### Угостителски капацитети

Битола изобилува со угостителски капацитети: кафеани и кафулиња, кафе барови, ноќни барови, ресторани, снек барови, кебапчилници, слаткарници, бурекџилници и сл. Во градот постојат мноштво угостителски објекти за брза храна кои по својот изглед и понуда се крајно неатрактивни за посетителите. Не е забележан ниту еден меѓународен бренд за брза храна. Бројот на ресторани со специјализирана кујна е минимален - неколку ресторани кои нудат италијанска кујна, еден млечен ресторан и еден кинески ресторан.

Согласно пописот на угостителство извршен во 2008 година, вкупниот број на капацитети во угостителство во Битола изнесува 256, со вкупен број на 10,153 седишта. Согласно Државниот завод за статистика на Република Македонија, вкупниот број на вработени кои ги опслужуваат овие капацитети е 1.061 лице.

**Табела 11.** Капацитети во угостителството, по општини, според Пописот на угостителството, 2008

| | **Број на угостителски објекти** | **Број на седишта** | **Површина на објектите (м²)** | **Број на вработени** |
|---|---|---|---|---|
| Битола | 256 | 10 153 | 16 205 | 1 061 |

Дамнешната традиција на ахчилници е изумрена, а исто така и онаа поскорешната на ресторани за самопослужување. Отсуствува и понудата на вегетаријанска храна. Иако повеќето ресторани го носат атрибутот на послужители на национална кујна, малку од нив можат да се пофалат со специјалитети типични за македонската гастрономија.

### Туристички агенции и организации

Во групата клучни носители на туристичката понуда секако спаѓаат и туристичките агенции и организации. Од вкупно 16 регистрирани туристички агенции, 14 агенции постојат повеќе од 5 години. Поголемиот број на услуги кои ги нудат овие агенции се ориентирани кон излезен туризам за потребите на локалното население. Во градот е формирано Здружение на туристички водичи, но имајќи го во предвид фактот дека станува збор за ново здружение, сеуште нема реализирано голем број на активности. Во наредниот период се планира промоција на постоечкото здружение со цел подобрување на состојбата со туризмот во општината.

## 5.2. SWOT анализа Туризам

SWOT анализата (анализата на силните и слабите страни, како и можностите и заканите) за развој на туризмот во Битола е претставена во следната табела

**Табела 12.** SWOT анализата за туризам во Општина Битола

| **Силни страни** | **Слаби страни** |
|---|---|
| • Атрактивно културно и природно наследство<br>• Културни манифестации со долгогодишно искуство<br>• Близина со други туристички дестинации и поврзување со Охрид и Солун<br>• Препознатливи туристички атракции<br>• Поволни климатски услови<br>• Конкурентност со ниски цени<br>• Стабилни меѓуетнички односи<br>• Гостопримство и љубезност<br>• Квалитетна промоција<br>• Присуство на студенти<br>• Обезбедени маркици за изградба на нови објекти во функција на туризмот | • Лоша патна инфраструктура<br>• Непостоење на сектор за туризам<br>• Неспроведување на претходно изработена стратегија<br>• Недостаток од квалитетна меѓуинституционална соработка<br>• Недоволно развиена туристичка дестинација<br>• Недоволно и нерамномерно распределени финансиски средства за туризам<br>• Несоодветна поврзаност со железнички и авиосообраќај<br>• Неинтегрирана и неизбалансирана туристичка понуда<br>• Недоволен број на сместувачки и содржински капацитети<br>• Нестандардизирани туристички услуги |

| Можности | Закани |
| --- | --- |
| • Креирање на туристички пакет за иселеници<br>• Препознатливост-брендирање<br>• Учество на саеми, работилници и стручно усовршување<br>• Приклучување на саеми на Државна Агенција за туризам<br>• Развивање на алтернативни форми на туризам (културен, манифестациски, здравствен и сл)<br>• Искористување на странски фондови<br>• Вмрежување и координирање<br>• Поставување на регионот на мапата на големите туристички оператори<br>• Искористување на настан *Сто години прва светска војна* и други историски настани и нивни јубилеи за привлекување на туристи | • Нерешени политички односи со соседите<br>• Политичко влијание врз секторот туризам<br>• Брзорастечки туристички индустрии на конкуренцијата<br>• Опасност од воведување на визен режим<br>• Нефункционална меѓуинституционална соработка |

Силните страни на туризмот во општина Битола се атрактивното културно и природно наследство, многубројните културни манифестации кои имаат долгогодишно искуство, како и препознатливите туристички атракции. Од особено значење е близината со другите туристички дестинации и поврзување со Охрид и Солун, поволните климатски услови, конкурентноста со ниски цени, стабилните меѓуетнички односи, гостопримството и љубезноста на локалното население, квалитетна промоција, присуство на студенти и обезбедени маркици за изградба на нови објекти во функција на туризмот.
Слабите страни на туризмот во општина Битола се непостоење на сектор за туризам, недоволно и нерамномерно распределени финансиски средства за туризам, недоволно развиена туристичка дестинација, неспроведување на претходно изработена стратегија, лоша патна инфраструктура, недостаток од квалитетна меѓуинституционална соработка, несоодветна поврзаност со железнички и авиосообраќај, неинтегрирана и неизбалансирана туристичка понуда, недоволен број на сместувачки и содржински капацитети, како и нестандардизирани туристички услуги.

Можности кои би се искористиле за развојот на туризмот во општина Битола се креирање на туристички пакет за иселеници, препознатливост-брендирање, учество на саеми, работилници и стручно усовршување, приклучување на саеми на Државна Агенција за туризам, развивање на алтернативни форми на туризам (културен, манифестациски, здравствен и сл), искористување на странски фондови, вмрежување и координирање, поставување на регионот на мапата на големите тур оператори. Особена можност за развојот на туризмот во општина Битола се искористување на настани сто години прва светска војна и други историски настани и нивни јубилеи за привлекување на туристи.

Главните идентификувани закани за развојот на туризмот во општина Битола се нерешените политички односи со соседите, политичкото влијание врз секторот туризам, брзорастечките туристички индустрии на конкуренцијата, опасноста од воведување на визен режим и нефункционалната меѓуинституционална соработка.

### 5.3. Анализа на засегнати страни во областа Туризам

Анализа на засегнатите страни се состои од идентификување на внатрешните и надворешните засегнати страни и корисници на услуги и утврдување на нивните потреби. Оваа анализа има за цел да ги утврди постапките на комуникација со внатрешните и надворешните засегнати страни, да се утврдат проблемите и потребите за да можат тие прашања да се обработат и да се пронајде решение преку соодветни мерки.

**Табела 13** Анализа на засегнати страни во туризмот во Општина Битола

| ГРУПИ НА ИНТЕРЕС | КОЈ Е НИВНИОТ ИНТЕРЕС | КАПАЦИТЕТ/МОТИВАЦИЈА | РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ ГРУПИ (++/--) | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПЛАНИРАНИОТ ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| Хотели, хостели, ноќевалишта, сместувачки капацитети | Зголемен број ноќевања | Солиден капацитет и мотивација | Агенции +<br>Општина +<br>Туристи + | Корисници партнери |
| Ресторани, кафулиња | Угостителски услуги | Солиден капацитет и мотивација | Хотели +<br>Студенти +<br>Туристи +<br>Агенции + | Корисници партнери |
| Туристички Агенции | Привлекување на туристи<br>Подобрување на туристичката понуда | Силна мотивација, недоволен капацитет | Музеј +<br>Општина +-<br>Хотели + | Корисници партнери |
| Музеј | Зголемување на бројот на посетители | Солиден капацитет и одлична мотивација | Агенции +<br>Општина +<br>Туристи+ | Корисници партнери |
| Национален парк Пелистер | Зголемување на бројот на посетители<br>Одржлив туризам | Нема капацитет и одлична мотивација | Агенции –<br>Општина-<br>Туристи- | Корисници партнери |
| Здружение на граѓани | Повеќе проекти<br>Подобрување на туристичката понуда | Солиден капацитет и голема мотивација | Општина + | Партнери во имплементација на активностите |
| Бизнис сектор занаетчиска комора | Профит<br>Зголемен број на туристи, корисници на нивните производи и услуги | Добар капацитет и слаба мотивација | Општина +-<br>Хотели + | Корисници партнери |
| Локална самоуправа | Развој на општината | Недоволна мотивација | | Парнер и носител во имплементација на активностите |
| Превозници | Поголем број на патници | Нема капацитет и нема мотивација | Агенции +-<br>Општина +-<br>Институции+-<br>Сместувачки капацитети +- | Корисници |
| Приватни здравствени ординации | Зголемен број на услуги | Има капацитет и мотивација | | Корисници |

### 5.4. Резултати од истражувањето за туризам

Во текот на изработката на Стратегијата, со цел да се добие мислење од поголем број на активни субјекти од областа на бизнисот, беше спроведена анкета за моменталната состојба, проблемите, потребите на активните деловни субјекти од областа на туризмот: сместувачките капацитети, угостителските објекти и туристичките агенции во Општина Битола. Покрај тоа беше анализиран и видот на поддршка потребна за подобро и поефикасно функционирање на деловните субјективо областа на туризмот.

**Графикон 9.** Структура на гости во угостителски објекти




Во анализата за структурата на гостите во угостителските објекти беше наведено дека поголем процент (60%) се гости од Република Македонија, додека останатите 40% се гости од други држави. Во однос на целта на посетата на локалите и сместувачките капацитети, сличен е соодносот на приватни и деловни посети, за сметка на приватните аранжмани.

Просечната цена на појадок во анкетираните угостителски објекти изнесува 197 денари, додека просечната цена на оброк за ручек изнесува 303 денари. Во однос на работното време, сите субјекти наведоа дека работат седум дена во неделата со просечно 19 часа работно време.

**Графикон 10.** Посетеност на сместувачки капацитети по месеци




Во однос на посетеноста на сместувачките капацитети, од анализата може да се заклучи дека најголем број на посетители има во текот на летните месеци, особено јули, август и септември, по што следуваат октомври, јуни и ноември. Посетеноста во останатите месеци е на пониско ниво. Особено треба да се обрати внимание на развојот на зимскиот туризам и привлекување на туристите во текот на зимата.

Наведените *предности на дел од угостителските капацитети* во однос на конкуренцијата се: одличната местоположба, хигиена, 24 часовно работно време, централна климатизација, екклузивност и професионалност во работењето.

Потребниот вид на поддршка за развивање на угостителските услуги во градот наведен од испитаниците е следниот: задолжително да се направат напори за подобрување на инфраструктутрата, патиштата, доводот, водовод, осветлувањето, уредување на околината, основање на центар за обука на угостителски работници, организирање на курсеви за гастрономија, создавање на агенција за привремено вработување на угостителски работници, како и достапен персонал со скратено работно време или со сезонски карактер.

*Предноста на анкетираните сместувачки капацитети* е ниската цена во однос на конкуренцијата. Потребната поддршка за развивање на бизнисите на сместувачките капацитети наведена од испитаниците е пристап до поволни кредити или грантови, бесплатен рекламен материјал за промоција на планината, градот и реонот, пристап до поволни финансиски средства за развој, промоции на саеми и предавања надвор од државата, побрза наплата на долговите направени од страна на државните институции. Потребната поддршка од општината е во формирање на Туристички инфо центар и подготовка на бесплатен рекламен материјал кој ќе се нуди на странските туристи и редовни промоции на носителите на туристичката понуда од градот на странски саеми за туризам и развој на реонот.

**Графикон 11.** Соработка на туристички агенции со други субјекти




Со оценки од 1 до 5 беше оценета моменталната соработка на *туристичките агенции* со другите субјекти значајни за развој на туризмот во општината. Согласно резултатите од анализата, највисоко беше оценета соработката со локални хотели, хотели од други градови и локални ресторани, малку пониско беше оценета соработката со институциите од културата: музејот и театарот, а со најниска оценка, беше наведена соработката со рент а кар компании.

Покрај веќе наведените институции туристичките агенции ги наведоа и Центар за култура, Фестивалот Манаки, Театарот Бабец, Битолското културно лето и Илинденските денови како партнери за соработка во областа на креирање на туристички понуди.

Во однос на прашањето *Дали знаете дека во Битола е формирано Здружение на туристички водичи?* една третина од испитаниците се изјаснија дека не слушнале дека постои такво здружение, додека останатите две третини изјавија дека слушнале за постоењето на здружението, но сеуште не се членови во него.

На прашањето "*Дали Вашата туристичка агенција учествувала на саеми?"* две третини од испитаниците навеле дека посетуваат саеми, додека останатата една третина од агенциите се изјасниле дека немаат учество на саеми. Како атрактивни саеми на кои учествувале туристичките агенции се наведени саемите во Солун, Софија, Белград, Истанбул, Тирана, Будва и Загреб.

Како *предности на испитаните туристички агенции* се наведени професионалноста, коректноста и брзата и квалитетна услуга. Дел од испитаниците наведоа дека во однос на конкуренцијата од опкружувањето, во моментот нема никаква предност и иако Битола е голем и убав град со традиција, многу малку се искористува за развој на туризмот. Согласно мислењето на испитаниците, најголема поддршка за целиот туристички бизнис, а со тоа и на функционирањето на туристичките агенции е формирање на сектор за туризам во Битола, кој би изработил долгорочна стратегија за туризмот, која би се имплементирала во практика. Покрај тоа, поддршка во областа на маркетингот е од особено значење.

Предлог до општинската власт од туристичките агенции е да се спроведе најсериозен пристап кон проблемот со вклучување на поголем број стручни лица од кај нас и консултанти од странство во областа на туризмот. Покрај тоа, неопходно е лобирање кај централната власт за рамномерна распределба на средства во државата со цел навремено следење на развојот на конкуренцијата.

**Графикон 12.** Оценка на состојбата со туризмот во општината




Со оценки од 1 до 5 беше оценета моменталната состојба со туризмот во општината од сите анализирани субјекти: сместувачки капацитети, угостителски објекти и туристички агенции. Согласно резултатите од анализата за условите за развој на туризмот во општината, како најголем проблем за испитаниците беше наведена туристичката инфраструктура. Сместувачките капацитети, локалните транспортни претпријатија и ресторанитe беа оценети со највисока оценка – многу добри, додека другите услови; културно историските споменици, зелените пазари, забавните содржини и туристичките агенции беа оценети со оценка добро. Природните убавини, малите занаети и приватните здравствени организации беа оценети како доволно развиени. Главната препорака од деловните субјекти беше подобрена комуникација со општинската власт со цел навремено информирање за актуелни теми и можности.

Сите овие аспекти беа земени во предвид во изработката на Стратешкиот план и потребната поддршка е планирана да се воведе во периодот 2014-2018 година.

# 6. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## 6.1. Состојба со социјална заштита во Општина Битола

### 6.1.1. Демографски карактеристики

Густина на населението во Општина Битола е 788 лица/км$^2$. Според податоците од Државниот завод за статистика на Република Македонија, бројната состојба на населението заклучно со 31 декември 2012 година изнесува 92 905 жители, од кои 45 664 се мажи, а 47 241 се жени.

Согласно новата територијална поделба на Република Македонија од 2004 година, подрачјето на Општината Битола е утврдено со закон и ги опфаќа градот Битола и 65-те села: Барешани, Бистрица, Братин Дол, Брусник, Буково, Велушина, Габалавци, Гопеш, Горно Егри, Горно Оризари, Граешница, Дихово, Доленци, Долно Егри, Долно Оризари, Драгарино, Драгожани, Драгош, Древеник, Ѓавато, Жабени, Злокуќани, Кажани, Канино, Карамани, Кишава, Кравари, Крклино, Кременица, Крстоар, Кукуречани, Лавци, Лажец, Лера, Лисолај, Логоварди, Лопатица, Магарево, Маловиште, Метимир, Меџитлија, Нижеполе, Ново Змирнево, Облаково, Олевени, Оптичари, Орехово, Острец, Поешево, Породин, Рамна, Раштани, Ротино, Свиниште, Секирани, Снегово, Средно Егри, Српци, Старо Змирнево, Стрежево, Трн, Трново, Цапари, Црнобуки и Црновец.

*Возрасна и полова структура на населението*

Популацијата која ја населува општината Битола се карактеризира со значителни промени во насока на намалувањето на учеството на младите и значителен пораст на уделот на повозрасното население. Општината и градот Битола се вбројува в групата на општини – градови со ниска стапка на наталитет, морталитет и природен прираст во Република Македонија. Оваа состојба директно е условена од зголемениот број на миграции во странство и тоа на младо фертилно население, потоа голем број на неженето-немажено население, односно население кое не стапува во брак како и големиот број на мали семејства со едно до две деца.

На следните табели, прикажани се возрасната и половата структура на населението:

**Графикон 13.** Возрасна и полова структура на населението




Во однос на старосната структура на населението, старосната група од 45 - 49 години опфаќа најголем број од населението во Општина Битола со 8,7%.

_Национална припадност на населението во општина Битола_

Најголем дел од населението во Општина Битола е од македонска национална припадност, по што следуваат Албанци, Роми и Турци. Останатите националности во општината се застапени со помал процент.

**Графикон 14.** Национална припадност на населението во Општината




Согласно анализите на Државниот завод за статистика на Република Македонија, бројот на корисници на социјална помош во Пелагонискиот регион покажува значително намалување. Во Графиконот во прилог е претставено движењето на бројот на корисници на социјална помош во регионот во периодот од 2000 до 2012 година.

**Графикон 15.** Корисници на социјална помош во Пелагонискиот регион во периодот од 2000 – 2012 година




Вкупниот број на домаќинства корисници на социјална помош во Пелагонискиот регион во 2012 година изнесува 3.884, а бројот на членови на домаќинстото вклучувајќи го и носителот изнесува 12.111 лице.

Бројната состојба на ученици и студенти сместени во домови и интернати во Општина Битола е 656 лица, од кои најголем број се Македонци, по што следуваат Албанци, Турци, Власи, Роми, Срби и Бошњаци. Останатите 44 лица не се изјасниле за етничката припадност или се дел од други етнички заедници. Структурата на учениците и студентите во домови и интернати на ниво на држава и на општинско ниво е претставена во табелата во прилог.

**Табела 14.** Ученици-студенти сместени во домови-интернати според изјаснувањето за припадноста кон етничка заедница

| Општини | | Вкупно ученици - студенти | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошњаци | Не се изјасниле | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2011/ 2012** | **Вкупно** | **8 209** | **6 787** | **765** | **171** | **48** | **48** | **52** | **19** | **93** | **226** |
| | **женски** | **3 708** | **3 315** | **235** | **16** | **16** | **24** | **18** | **3** | **41** | **40** |
| **2012/2 013** | **Вкупно** | **8 369** | **7 087** | **709** | **161** | **58** | **37** | **37** | **21** | **50** | **209** |
| | **женски** | **3 694** | **3 388** | **185** | **20** | **18** | **19** | **15** | **5** | **16** | **28** |
| Битола | сè | 656 | 613 | 5 | 5 | 5 | 19 | 3 | 6 | - | - |
| | женски | 307 | 289 | - | 2 | 5 | 8 | - | 3 | - | - |

Бројот на работници во домовите и интернатите во Република Македонија и во Битола, се претставени во следната табела. Од табелата е видливо дека вкупниот број на вработени лица во Битола изнесува 45, од кои 29 се жени. Согласно податоците, во Битола работат 5 воспитувачи, 8 административни работници и 32 други лица кои активно работат во домовите и интернатите во градот.

**Табела 15.** Број на работници во домовите и интернатите во Република Македонија и во Битола

| Општини | Вкупно | | Воспитувачи | | Здравствени работници | | Инструктори на занает | | Административни работници | | Други | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | сè | жени | сè | жени | сè | жени | сè | жени | сè | жени | сè | жени |
| 2011/2012 Вкупно | 615 | 311 | 121 | 52 | 1 | - | 19 | 5 | 94 | 52 | 380 | 202 |
| 2012/2013 Вкупно | 612 | 313 | 122 | 61 | 10 | - | 14 | 5 | 83 | 52 | 383 | 195 |
| Битола | 45 | 29 | 5 | 4 | - | - | - | - | 8 | 7 | 32 | 18 |

Од табелата е воочливо дека градот Битола не располага со здравствени работници и инструктори на занает, а моменталната состојба покажува дека е неопходно зголемување на бројот на вработени за комплетно опслужување на сите социјални групи.

### 6.1.2. Програми за различни социјални групи

Во Општината Битола развиени се и активни повеќе видови на програми за поддршка на социјални групи. Во делот на Стратешкото планирање е разработена детална стратегија и план на активности за сите целни групи, врз база на сознанијата и богатотот искуство на тимот кој учествуваше во изработката и анализата на резултатите на анкетата со организациите кои нудат поддршка во оваа област.

*Програми за превенција од ХИВ и туберколоза*

ХИВ/СИДА е глобален, серизен и сложен проблем од највисок здравствен, социјален и економски приоритет.

Според последните податоци од 162 случаи ХИВ/СИДА заклучно со септември 2012 во Р. Македонија 6 се регистрирани во Општина Битола. Планирањето на досегашните активности за превенција на ХИВ/СИДА во Република Македонија се одвивало централизирано, а во реализацијата учествувале и локалните владини и невладини институции и организации, пред се Центрите за јавно здравје, најчесто преку своите епидемиолошките служби, локалните Здруженија на граѓани опфатени со програмата на Глобалниот фонд за ХИВ/СИДА, маларија и туберкулоза раководена од Министерството за здравство. Превенцијата на ХИВ/СИДА бара кооординиран, континуиран и сеопфатен пристап на глобално, регионално, национално и локално ниво. За таа цел, Општината Битола подготви Акционен план за одржливост на програмите за ХИВ и туберколоза кои се имплементираат во Општина Битола за периодот 01 Јануари 2014 - 31 Декември 2016 година.

Главна цел на Акциониот план за одржување на програмите за ХИВ и туберколоза кои се имплементираат во Општина Битола е да се развие излезна стратегија за надополнување и преземање на дел од активностите кои ги содржат програмите за превенција од ХИВ во општина Битола и со тоа ја одржи ниската преваленца на ХИВ меѓу населението преку организиран, координиран и сеопфатен пристап, според начелото на споделена одговорност и низ конкретни активности.

**Табела 16.** Цели на Акциониот план за одржливост на програмите за ХИВ и туберколоза

| Стратешка цел | Конкретни цели |
|---|---|
| 1. Обезбедување институционална поддршка за одржливост на програмите за превенција од ХИВ/СИДА кои се имплементираат во Општина Битола | 1. Заедничка акција на релевантните институции во Општина Битола за превенција од ХИВ/СИДА на локално ниво |
| | 2. Актуелизација на потребата од превенција од ХИВ/СИДА кај општата популација со вклученост на ризичните групи |
| | 3. Вклучување на институциите од Општина Битола во поддршка на програмите за превенција од ХИВ/СИДА |
| | 4. Намалување на стигмата и дискриминацијата во јавни, здравствени и образовни институции и во локалната заедница |

Во завршната фаза на изработка на документот, истиот е презентиран пред Работната група и сите забелешки се внесени во завршната верзија на Предлог Акциониот план. Предлог Акциониот план за одржување на програмите за ХИВ и туберколоза кои се имплементираат во Општина Битола ќе биде даден на усвојување на Советот на општина Битола на седница во 2014 година. Во периодот на реализација на Акциониот план се очекува работната група да се конституира во Локално координативно тело одговорно за остварување на Акциониот план.

*Еднакви можности и недискриминација*

Законот за спречување и заштита од дискриминација е усвоен од Собранието на Република Македонија во април 2010 година. Во согласност со законот, се формираше Комисија за заштита од дискриминација во јануари 2011 година, пред се од обврската за почитување на меѓународните стандарди превземени со ратификација на меѓународните договори, кои се однесуваат на гаранциите за човечките права и слободи, во исполнувањето на стандардите за придружување кон Европската унија и хармонизација на нашето законодавство со законодавството на ЕУ, како и од непостоење на интегрален систем за заштита од дискриминација во правниот систем на Република Македонија, со кој би биле утврдени општите услови, мерки и инструменти кои би овозможиле уште поефикасна борба против дискриминацијата. Од друга страна со донесувањето на новиот закон за спречување и заштита од дискриминација се прошири надлежноста на Комисијата за еднакви можности така да таа е задолжена и за спроведување на овој закон. Општина Битола односно Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Битола во координација со Министерството за труд и социјална политика пристапи кон ревидирање на постоечкиот Акционен план за еднакви можности на жените и мажите 2012/2013 и изработка на нов Акционен план за еднакви можности и недискриминација 2014/2015. Во изработката на АП беа вклучени сите клучни чинители во делот на родовата рамноправност и дискриминацијата: Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Битола, координаторот за еднакви можности на општината, невладиниот сектор кој работи во делот на родовата рамноправност и дискриминацијата. Специфичните цели на Акциониот план се Унапредување на еднаквите можности во Општина Битола и Спроведување на активности во насока на спроведување на законот за спречување и заштита од дискриминација.

*Борба против трговија со луѓе и илегална миграција*

Со одлука на Националната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција при Владата на РМ во Општина Битола се формира Локална комисиија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција. Во локалната комисија членуваат претставници од повеќе институции: Локалната самоуправа, Советот на општина Битола, Центарот за социјална заштита, Агенцијата за вработување, СВР- Битола, Одделението за илегална миграција и превенција при РЦ – ЈУГ, Здружението за граѓани „Семпер", Државен инспекторат за труд – подрачна Битола, Основно Јавно Обвинителство – Битола, ЈЗУ „Здравствен дом" – Битола и Бирото за развој на образованието. Активности во надлежност на локалната комисија се следните:

- следење и анализа на состојбите со трговијата со луѓе и илегална миграција;
- координирање на активностите на надлежните институции;
- спроведување на активности и мерки за имплементација на Националната стратегија и Национален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2013-2016 година;
- покренување на иницијативи до Советот на локалната самоуправа за креирање на програми за превенција и заштита на жртви на трговија со луѓе;
- спроведување на националните политики за борба против трговија со луѓе и илегална миграција;

Локалната комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција има деловник за работа. Согласно деловникот се изработи Локален акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција во 2013-2016 за Општина Битола.

*Акционен план за здравјето на ромите од општина Битола за период 2012-2015 година*

Декадата за вклучување на Ромите претставува акција превземена од државите во Југоисточна Европа, меѓу кои и Македонија, со цел да се вклучат Ромите во општеството и да се обезбеди еднаквост со другите жители на државата. Декадата официјално е потпишана од Владата на Република Македонија во Јануари 2005 година, при што се обврза во период од 10 години, односно до 2015 година, да спроведува активности и програми насочени кон ромската популација, со цел да се дефинираат проблемите на Ромите и да се превземат мерки за нивно решавање. На овој начин е предвидено институциите да ги обезбедат потребните услови за остварување на правата на Ромите и подобрување на нивната состојба. Невладините организации во најголем дел се вклучени во самата акција играјќи ја улогата на посредник помеѓу Ромите и институциите. Светска Банка и Институт Отворено Општество се главните иницијатори и подржувачи на Декадата за вклучување на Ромите. Во рамките на Декадата се креирани Акциони Планови за четири области – Здравство, Образование, Вработување и Домување. Според Акционите Планови е предвидено да се подобри образованието на ромските ученици и да се зголеми бројот на Роми средношколци и студенти, да се подобри здравствената состојба на населението, да се подобрат условите за живеење во ромските заедници и да се зголеми бројот на вработени Роми. Со сите овие активности се очекува да се намали сиромаштијата кај Ромите и да се искорени дискриминацијата од страна на другите етнички групи. За таа цел секоја Локална Самоуправа имаше за задача да креира Локални Акциони Планови согласно специфичните потребите на ромската заедница во секоја општина.

Локална Самоуправа – Битола во 2006 година усвои Стратегија за Ромите врз основа на која беа креирани Локални Акциони Планови за сите области од Декадата. Временската рамка за имплементација на овие планови се однесуваше на периодот 2006 - 2010 година, со што се наметна потребата од нивно ревидирање за периодот 2011 – 2015 година.

Со усвојувањето на Акциониот План за Здравјето на Ромите од општина Битола од страна на Совет на општина Битола ќе се креираат можности за преземање конкретни активности со директна поддршка од Локална Самоуправа – Битола наменети кон подобрување на здравствената состојба на ромската заедница од општина Битола.

Паралелно, со усвојувањето на Акциониот План, Локална Самоуправа – Битола ќе ја превземе обврската за имплементација на локална јавна политика врз основа на која ќе се алоцираат финансиски средства за имплементација на активностите од истиот и ќе се воспостави координација помеѓу локалните институции при остварување на главната цел на овој план. Стратешките цели на Акциониот план се во тесна корелација со Стратешкиот план за локален развој на Општината Битола.

### 6.1.3. Миграции

Општина Битола нема силно изразени миграциони карактеристики. Според податоците од Државниот завод за статистика, во изминативе три години бројот на доселени и отселени лица е во благ пораст. Какрактеристично за општината е дека бројот на доселени лица е поголем од бројот на отселени лица и за 2012 година овој баланс изнесува 448 доселени лица и 398 отселени лица.

**Табела 17** Доселени и отселени лица во општина Битола

| Година | ДОСЕЛЕНИ ЛИЦА | | | | ОТСЕЛЕНИ ЛИЦА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | од друга општина | од друго место во иста општина | од друга држава | Вкупно | во друга општина | во друго место во иста општина | во друга држава |
| **2010** | 382 | 247 | 95 | 40 | 306 | 211 | 95 | - |
| **2011** | 395 | 256 | 104 | 35 | 386 | 282 | 104 | - |
| **2012** | 448 | 300 | 128 | 20 | 398 | 269 | 128 | 1 |

Извор: Државен завод за статистика, Миграции 2010, 2011, 2012

Како резултат на атрактивноста на многубројните научно-образовни институции кои се наоѓаат во границите на општината, постои зголемување на бројот на привремено присутни лица, кои мигрираат во општината на различни временски интервали.

## 6.2. Образование

Според досегашната ситуација на подрачјето на општина Битола подрачната единица на Министерство за образование и наука од Битола е надлежна за основното и средно образование. Според генералниот процес на децентрализација во РМ, и конкретно според Законот за локална самоуправа, од 2005 година, надлежноста за организирање на образованието и предшколското згрижување на децата е дел од ингеренциите на локалната самоуправа. Во општината Битола функционираат 12 Градинки, 12 Основни училишта, 7 Средни училишта и 7 Високо образовни институции.

### 6.2.1. Предучилишно воспитание

Во Општина Битола активно работат две Јавни општински установи- детски градинки:

- ЈОУДГ "Естреја Овадија Мара" и
- ЈОУДГ "Мајски цвет"

**Табела 18**. Основни податоци за установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки во Битола

| Општини | Вкупно установи за згрижување и воспитание на деца - детски градинки | Деца кои не се примени поради пополнет капацитет | Вкупен капацитет (број на места) | Искористеност на капацитетот (број на места) |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно 2011** | **54** | **720** | **23 887** | **25 056** |
| **Вкупно 2012** | **57** | **847** | **24 363** | **26 885** |
| Битола | 2 | 81 | 1 095 | 1 110 |

Во табелите во прилог е претставена состојбата со установи за згрижување и виспитание на деца во Република Македонија и Битола, како и во двете градинки во населените места Кукуречани и Бистрица.

**Табела 19.** Основни податоци за организациските облици (објекти) во установите за згрижување и воспитание на деца - детски градинки на ниво на населено место

| Населено место | Вкупно групи | Вкупно деца | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | вкупно | од тоа | |
| | | | | згрижувачки кадар (негувателски) | воспитен кадар |
| Бистрица | 1 | 19 | 3 | 1 | 1 |
| Кукуречани | 1 | 14 | 3 | 1 | 1 |

Во склоп на ЈОУДГ "Естреја Овадија Мара" работат 5 детски градинки: Пролет, Вангел Мајорот, Снегулка, Колибри и Росица, а додека под ЈОУДГ "Мајски цвет" 7 детски градинки: Мајски цвет, Коца Василева, Кокиче, Качунка, Пеперутка, Славејче и во МЗ ,,Јонче Мурџевски".

### 6.2.2. Основно образование

Во општина Битола има дванаесет основни општински училишта:

**Табела 20.** Основни училишта и број на ученици во општинските училошта во Општина Битола

| Училиште | Број на ученици |
|---|---|
| 1.ОУ "Климент Охридски" | 987 |
| 2.ОУ "Ѓорги Сугарев" | 873 |
| 3.ОУ "Гоце Делчев" Битола | 795 |
| 4.ОУ „Тодор Анѓелевски" | 944 |
| 5.ОУ „Св Кирил и Методиј" | 418 |
| 6.ОУ „Коле Канински" | 851 |
| 7.ОУ „Стив Наумов" | 682 |
| 8.ОУ „Трифун Пановски" | 449 |
| 9.ОУ „Елпида Караманди" | 746 |
| 10.ОУ „Даме Груев" | 813 |
| 11.ОУ „Крсте П. Мисирков" | 486 |
| 12.ОУ „Александар Турунџев" | 209 |

### 6.2.3. Средно образование

Средното образование во општина Битола се одвива во 7 средни општински училишта и две приватни училишта:

**1.Гимназија "Јосип Броз – Тито" -** Број на ученици: 791

- **општествено - хуманистичко подрачје**
- **природно - математичко подрачје**
- **јазично - уметничко** со специјална јазична паралелка со експериментална настава за изучување на германскиот јазик

**2.СОУ "Таки Даскало" -** Број на ученици: 1547

- **гимназиско образование**
  - јазично- уметничко
  - општествено- хуманистичко
  - природно- математичко
- **геолошко- рударска и металуршка струка**
  - геолошко- рударски техничар
  - ракувач на рударски машини - III степен
- **сообраќајна струка**
  - сообраќаен техничар
  - техничар за транспорт и шпедиција

- **текстилно- кожарска струка**
  - конфекциски техничар
  - конфекционер- III степен
- **графичка струка**
  - графички техничар
  - печатар - III степен
  - книговезец – картонажер - III степен

**3.СОЕУ "Јане Сандански" -** Број на ученици: 543

- **економско- правна и трговска струка**
  - економски техничар

**4.СОЕМУ "Ѓорги Наумов" -** Број на ученици: 891

- **електротехничка струка**
  - електротехничар за компјутерска техника и автоматика
  - електротехничар за електроника и телекомуникации
  - електротехничар - енергетичар
  - електроинсталатер и монтер- III степен
- **машинска струка**
  - машински техничар
  - машинско - енергетски техничар
  - машински- воздухопловен техничар
  - металостругар – металоглодач - III степен
  - автомеханичар - III степен
  - машински техничар- III степен

**5.СОМУ "Д-р Јован Калаузи" -** Број на ученици: 1010

- **Здравствена струка**
  - медицинска сестра- техничар
  - забен техничар
  - фармацевтско- лабораториски техничар
  - медицински- лабораториски техничар
  - физиотерапевтски техничар
  - гинеколошко- акушерска сестра
- **Лични услуги**
  - техничар за очна оптика

**6.СОЗУ "Кузман Шапкарев"** - Број на ученици: 214

- **Земјоделска,**
- **Ветеринарна и**
- **Земјоделско-ветеринарна** од кои се продуцираат следните образовни профили:
  - техничар по хортикултура
  - земјоделски техничар
  - техничар по земјоделска механизација
  - хидро-мелиоративен техничар
  - ветеринарен техничар

**7.Државно средно музичко училиште -** Број на ученици: 134

- **уметничка струка - музичка уметност**
  - музичар теоретичар
  - музичар изведувач

* Во состав на Државното музичко училиште работи и основно музичко училиште каде се едуцираат 238 ученици распоредени во 14 паралелки.

Приватни средни училишта во Битола

**Гимназија „Прва Приватна Гимназија - Битола“**

- **Гимназиска насока**
- **Економски насоки:**
  - Деловен секретар
  - Економски техничар
  - Правен техничар
  - Техничар за трговија и маркетинг

**Приватно средно стручно училиште „САБА“** - Средношколска Акедемија за Бизнис Администрација

- Бизнис асистент
- Административен асистент
- Асистент по информатика
- Хотелско – туристички асистент

Во рамките на општината функционира и Државен ученички дом “Мирка Гинова“. Домот започнува со работа во 1960 година како Дом за средношколска младина. Истиот е со капацитет од 280 легла, распоредени во 73 соби. Моментално во него престојуваат околу 200 средношколци од другите градови од Републиката, а од учебната 2005/06 престој во домот е дозволен и за студенти, така што нивниот број во моментов изнесува околу 60. Во домот постои и можност за пансионска исхрана и тоа со 3 оброци за учениците и 2 за студентите.

### 6.2.4. Високо образование

Универзитетот “Св. Климент Охридски” - Битола, познат со акронимот УКЛО, е вториот државен Универзитет во Република Македонија, најзначајна установа од областа на високото образование во Регионот на Југозападна Македонија. Специфичната хетерогена, образовна понуда на Универзитетот којашто покрива најразлични научни дисциплини и едуцира профили компатибилни со барањата на актуелниот пазар на трудот е претставена со 63 студиски програми за I циклус студии (додипломски), 82 за II циклус студии (последипломски) (од кои 18 специјалистички) и 16 студиски програми за III циклус студии (докторски) распределени на 12-те единици: десет факултети, една висока стручна школа и Научниот институт за тутун. Во составот на УКЛО со статус на придружни членки се и две научно - истражувачки единици единствени од ваков вид во државата, Универзитетска библиотека и Студентски дом.

Универзитетот “Св.Климент Охридски” - Битола по многу обележја е специфична високообразовна институција. Тој е флексибилен, динамичен во процесот на едукацијата, препознатлив и настојува да ја негува сопствената различност. Развивајќи ја меѓуинституционалната соработка на национално и меѓународно ниво, универзитетот успешно ја дефинира својата определба за реформски чекори за следење и доближување до европските стандарди во високото образование.

Факултети кои функционираат во рамки на Универзитетот ,,Св Климент Охридски" - Битола

- Технички факултет - Битола со дисперзирани студии во Велес и Прилеп

Техничкиот факултет основан е во 1977 година со трансформацијата на дотогашната Висока техничка школа (1961). Влегува во состав на УКЛО од неговото основање во 1979 година. Техничкиот факултет реализира наставно-образовен процес во повеќе образовно-научни области и студиски програми.

**Машински отсек**

- студиска програма за општо машинство
- студиска програма за индустриски менаџмент

- студиска програма за стручни  студии-енергетска насока

### Отсек за сообраќај и транспорт
- студиска програма за патен сообраќај и транспорт
- студиска програма за стручни студии-патен транспорт

### Графички отсек
- студиска програма за графичко инженерство

### Електротехнички отсек
- студиска програма за индустр. електроенергетика
- студиска програма за стручни тригодишни студии-електротехника, електроенергетика и електроника

### Отсек за информатика и компјутерска техника, тригодишни студии

### Отсек за информатика и компјутерска техника, тригодишни студии во Велес

- Економски факултет - Прилеп

Во 1977 година, постојната Висока економска школа – Прилеп (1960) се трансформира во  Економски факултет, којшто  беше еден од потписниците на актот за основање на УКЛО во 1979 година.

На Економскиот факултет се реализира наставнообразовен процес на повеќе акредитирани програми.

- студиска програма за бизнис економија
- студиска програма за меѓународна економија и бизнис
- студиска програма за маркетинг-менаџмент
- студиска програма за деловна статистика и информатика
- студиска програма за сметководство, финансии и ревизија
- студиска програма за финансиски менаџмент

- Факултет за туризам и угостителство - Охрид со дисперзирани студии во Велес

Факултетот за туризам и угостителство е високообразовна установа единствена од овој вид во дражавата, основана во 1977 година. Овој факултет ја продолжува  образовната традиција од претходно постоечката Виша туристичка школа во Охрид , а со новите трендови во високото образование во 70-те години од минатиот  век се трансформира во респектабилна високообразовна единица што е во состав на Универзитетот од неговото основање.
На Факултетот за туризам и угостителство се оставарува едукација во повеќе наставно - научни области преку акредитираните студиски програми:
- студиска програма за туризам
- студиска програма за осигурување
- студиска програма за царина и шпедиција
- студиска програма за гастрономија/тригодишни студии
- студиска програма за хотелски и ресторантски менаџмент
- студиска програма за безбедност и финансиска контрола (заедничка студиска програма со Факултетот за безбедност-Скопје)

- Педагошки факултет - Битола

Педагошкиот факултет во Битола е високообразовна установа формирана  во 1977 година низ процесот на трансформација на постојната Педагошка академија, чија дејност се остваруваше од 1964 година.

Денес Педагошкиот факултет има широка понуда на студиски програми и тоа:

- студиска програма за учители
- студиска програма  за воспитувачи
- студиска програма за македонски англиски јазик
- студиска програма за македонски француски јазик
- студиска програма за македонски германски јазик
- студиска програма за информатика и техничко образование (заедничка студиска програма соТехничкиот факултет-Битола)

- Факултет за биотехнички науки - Битола

Оваа високообразовна установа е во состав на Универзитетот од неговото основање, но со статус Виша земјоделска школа. Таа е една од најстарите високообразовни установи во Југозападниот регион на Република Македонија, формирана во 1960 година, на која се профилираа кадри од земјоделско-сточарска област.

Во 1999 година како резултат на еден Заеднички европски проект, постојната Виша школа прераснува во Факултет за биотехнички науки каде што до денес се остварува образование на повеќе студиски програми:

- студиска програма за фармерско производство (тригодишни студии)
- студиска програма за преработка на анимални производи
- студиска програма за менаџмент во биотехниката

- Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи - Битола

Во академската 1992/93 година на УКЛО отпочнаа да функционираат Универзитетски интердисциплинарни студии за јавна администрација. Во согласност со согледаните потреби за едукација на вакви профили, во 2007 година постојните интердисциплинарни студии се трансформираат во Факултет за администрација и менаџмент на информациски системи.

На ФАМИС се реализираат следниве студиски програми :

- студиска програма за јавна администрација
- студиска програма за менаџмент со информациски системи

- Факултет за безбедност - Скопје

Факултетот за безбедност во Скопје е формиран во 2003 година и се до 2008-та функционирал како Полициска академија. Неговата специфика е едукацијата на студентите во областа на безбедноста.

Високообразовната понуда се реализира преку:

- студиска програма за профилот криминалистика
- студиска програма за безбедност и финансиска контрола (заедничка студиска програма со Факултетот за туризам и угостителство-Охрид)

- Правен факултет - Кичево со дисперзирани студии во Битола

Оваа високообразовна единица влегува во составот на УКЛО од академската 2008/2009 година кога се запишува и првата генерација студенти коишто своето студирање го реализират во Кичево, каде е седиштето на Факултетот или во Битола на дисперзираните студии. Кандидатите заинтересирани да студираат на овај факуклтет можат да го направат тоа на насоката за правни студии.

- Технолошко – технички факултет во Велес со дисперзирани студии во Кичево

Оваа високообразовна установа исто така започна да функционира со почетокот на акдемската 2008/2009 година. Седиштето на Факултетот е во Велес. Наставно-образовниот процес се реализира во две студиски програми:

- процесно инженерство и прехранбена технологија
- прехранбена технологија и биотехнологија

- <u>Висока медицинска школа - Битола</u>

Во 1988 година новоформираната Виша медицинска школа во Битола стана членка на УКЛО. Како единствена високообразовна установа за виши медицински сестри, со донесувањето на Законот за високо образование (2000), прераснува во Висока медицинска школа. На Високата медицинска школа денес се реализираат следниве студиски програми:

- студиска програма за профилот општа медицинска сестра (тригодишни студии)
- студиска програма за профилот медицинско-лабораториски аналитичар (тригодишни студии)
- студиска програма за профилот акушерка (тригодишни студии)
- студиска програма за физиотерапевти
- студиска програма за радиолошки техничари

- <u>Ветеринарен факултет - Битола</u>

Ветернираниот факултет во Битола е најновата едниница на Универзитетот „Св. Климент Охридски" - Битола која започна со работа академската 2009/2010. Профилот на дипломираните студенти по завршувањето на студиите е доктор по ветеринарна медицина.

- <u>Научен институт за тутун - Прилеп</u>

Најстарата научна установа на Универзитетот и единствената од овој вид во Република Македонија, Институтот за тутун во Прилеп, е основана уште во 1924 година и тоа како прва организирана научно-истражувачка единица во земјата. Со основањето на Универзитетот, Институтот станува негова членка од редот на научно-истражувачките установи.

Научно-истражувачка дејност се остварува преку следниве одделенија:
- Одделение за генетика, селекција и семеконтрола;
- Одделение за агротехника на тутунот;
- Одделение за заштита на тутунот од болести, штетници и плевели;
- Одделение за технологија, ферментација и фабрикација;
- Одделение за хемија на тутунот, тутунскиот чад, резидуи од пестициди и биохемија и
- Одделение за економско планирање и програмирање

Во рамките на оваа научна установа се организираат и постдиплмски студии во следниве области:
- Производство на тутун
- Обработка и преработка на тутун

- <u>НУУБ " Св. Климент Охридски" - Битола</u>

Националната установа универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" со своето 65 годишно постоење многу придонесе за културното живеење не само во градот Битола каде што е лоцирана, туку и на поширок план,во државата, особено со вградувањето на универзитетската компонента во нејзиното делување, со чинот на добивање статус на членка на Универзитетот само една година по основањето на Универзитетот, односно во 1980 година. Значајни статусни промени во функционирањето на оваа установа претставува нејзиното утврдување, со одлука на Владата на Република Македонија, како национална установа од облста на културата, во 2003 година.

Организационата структура подразбира 8 организациони единици - оддели:

1. Комплетирање на библиотечниот материјал
2. Библиотечно - библиографски информации
3. Обработка на монографски и периодични публикации
4. Унапредување на библиотекарството
5. Посебни книжни фондови
6. Позајмување и услуга
7. Заштита и репрографија
8. Општи служби

- Студентски Дом "Кочо Рацин" - Битола

Во составот на Универзитетот постои само една установа од овој вид, а тоа е Студентскиот дом "Кочо Рацин" во Битола. Оваа државна установа со својата основна дејност овозможува обезбедување услови за сместување и исхрана на студентите кои студираат на високообразовните установи во Битола и во извесна мера, иако недоволно, заради ограничените капацитети, прифаќа за сместување и организирана исхрана дел од овие студенти.

Дејноста се реализира преку сместувачки капацитет од 360 легла, распоредени во 113 соби и постојана можност за подготовка на 2000 оброци дневно, со што може да им се излезе во пресрет и на студенти кои се приватно сместени. За задоволување на другите потреби на студентите сместени во Домот, опремени се посебни простории за читални и занимални, а просторната лоцираност овозможува практикување на спортско-рекреативни активности за што постојат специјално наменети терени за мал фудбал, кошарка, одбојка и слично.

Приватната високообразовна установа Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин" – Свети Николе е акредитирана високообразовна установа која започна со работа во 2004 година во Св. Николе, под називот Меѓународен Славјански Институт. Денес МСУ функционира како Корпоративен Меѓународен Славјански Универзитет под заедничкото лого со Тамбовскиот универзитет, руски државен универзитет од градот Тамбов, Русија.

Факултети кои функционираат во рамки на Меѓународен славјански институт Москва - Филијала Македонија, претставништво Битола се:

- Факултет за економија:
- Факултет за психологија:
- Факултет за информатика
- Факултет за безбедносно инженерство

## 6.3. SWOT анализа Социјална заштита

SWOT анализата (анализата на силните и слабите страни, како и можностите и заканите) за развој на социјалната заштита во Битола е претставена во следната табела:

**Табела 21.** SWOT анализата за развој на социјалната заштита во Општина Битола

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Постоење на функционални институции<br>• Силен невладин сектор<br>• Квалификувани човекови ресурси<br>• Доволна обука на кадарот<br>• Воспоставена комуникација во системот<br>• Подготвени акциони планови<br>• Формирани локални  совети<br>• Постоење на советувалишта | • Недоволна соработка<br>• Недостиг на финансии<br>• Нереализирани планови<br>• Нефункционални совети<br>• Недостаток на ресурси<br>• Недостиг на дневни центри<br>• Недостиг на објекти за работа<br>• Недостаток на капацитети за сместување на стари лица |
| **Можности** | **Закани** |
| • Отварање на дневни центри<br>• Искористување на достапни фондови<br>• Воспоставување на партнерства<br>• Прекугранична соработка<br>• Спроведување на алтернативни мерки<br>• Регионална соработка<br>• Вработување на лица изложени на социо-здравствен ризик<br>• Вработување на соодветно обучени кадри | • Воведување на неповолна законска регулатива<br>• Непримерување на ратификувани меѓународни договори и директиви<br>• Несоодветно користење на финансии<br>• Неповолна микро клима |

Силните страни на општина Битола во областа на социјалната заштита се постоење на функционални институции, развиен невладин сектор, човекови ресурси, обука, комуникации, акциони планови, совети и советувалишта.

Слабите страни во општината за социјалната заштита се недоволна соработка меѓу институциите и другите засегнати страни, недостиг на финансии, слаба имплементација на постоечките планови, нефункционални совети од областа на социјалната заштита, недостаток на ресурси, објекти и дневни центри, како и недостаток на капацитети за сместување на стари лица.

Можности  за подобрување на социјалната заштита на општина Битола се отварање на дневни центри, вработување на соодветно обучени кадри, вработување на лица изложени на социо-здравствен ризик, регионална и прекугранична соработка, партнерства, искористување на достапните фондови и спроведување на алтернативни мерки.

Закани кои можат негативно да влијаат на социјалната заштита на општината се воведување на неповолна законска регулатива, недостаток на примена на ратификувани меѓународни договори и директиви, несоодветно користење на финансии и неповолна микро клима.

## 6.4. Анализа на засегнати страни во Социјалната заштита во општина Битола

Анализа на засегнатите страни се состои од идентификување на внатрешните и надворешните засегнати страни и корисници на услуги и утврдување на нивните потреби. Оваа анализа има за цел да ги утврди постапките на комуникација со внатрешните и надворешните засегнати страни, да се утврдат проблемите и потребите за да можат тие прашања да се обработат и да се пронајде решение преку соодветни мерки.

**Табела 22.** Анализа на засегнати страни во туризмот во Општина Битола

| ГРУПИ НА ИНТЕРЕС | КОЈ Е НИВНИОТ ИНТЕРЕС | КАПАЦИТЕТ /МОТИВАЦИЈА | РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ ГРУПИ (++/--) | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПЛАНИРАНИОТ ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| Корисници на - социјална заштита | Остварување на своите права и добивање на информации | Добар капацитет и мотивација | - Општина +-<br>- ЦСР ++<br>- Здр.на граѓ.+-<br>- училишта +- | Корисници на мерките и активностите |
| Корисници на социјалните услуги | Остварување на социјалните услуги и да се информираат | Добар капацитет и мотивација | - Општина + -<br>- ЦСР ++<br>-Здр.на граѓ.+<br>-училишта +- | Корисници и партнери |
| ЈУМЦСР | Овозможување на права за социјална заштита и социјални услуги на корисниците | Добар капацитет и мотивација | - Општина + +<br>- Здр.на граѓ+ -<br>- училишта -+ | Даватели на услуги-реализатори |
| Здружение на граѓани | Реализација на нивните програми за работа; добар интерес | Добар капацитет и одлична мотивација | - Општина +- | |
| Бизнис сектор | Бенефиции и корпоративна општествена одговорност | Одличен капацитет и слаба мотивација | - Општина +- | Поддршка/вработување |
| Училишта и градинки | Подобрување на капацитетите и условите во воспитно – образовниот процес | Добар капацитет и мотивација | - Општина + +<br>-Здр.на граѓ ++ | Специјални програми за обука и едукација |
| Општина | Подобар живот на сите граѓани | Одличен капацитет и мотивација | + | - објекти<br>- финансии<br>- логистика<br>- стручност |
| Неформални групи | Препознавање/отворање инклузија/деалиенација | Нема капацитет и слаба мотивација | - | - корисници на бенефиции<br>- нови идеи и делувања во нови сфери |

## 6.5. Анализа од истражувањето за социјална заштита во Општина Битола

Во текот на изработката на Стратегијата, со цел да се добие мислење од поголем број на организации кои нудат услуги и поддршка на социјалните групи во општината, беше спроведена анкета за моменталната состојба, проблемите, потребите на организациите и социјалните групи и видот на поддршка потребна за подобро и поефикасно функционирање на социјалната заштита во Општина Битола. Видот на услугите кои ги нудат организациите кои беа вклучени во истражувањето се: здравствена заштита, социјална заштита, специјализирани обуки и едукации и правна поддршка на социјалните групи.

**Графикон 16.** Корисници на социјална поддршка согласно возрасната структура




На прашањето *"Каква е возрасната структура на Вашата целна група?"* испитаниците навеле дека 77,9% од целната група се на возраст од 20 до 64 години, по што следуваат лица на возраст од 15 до 19 години со 14,1% и 7,5% навеле дека најчесто работат со деца до 8 годишна возраст. 0,4% од испитаниците навеле дека работат со целна група на возраст над 65 години. Во однос на инвалидитетот/попреченоста или видот на социјалниот ризик на целната група најчести корисници на услугите се лица со телесна попреченост, жртви на семејно насилство и деца во социјален ризик.

Во однос на прашањето *"Кои се трите најголеми проблеми со кои секојдневно се соочува Вашата целна група во домот, на работното место и во социјалниот живот?"*, како најголем проблем во домот се наведени недостатокот на финансиски средства и неадекватниот пристап и недостатокот на соодветни информации, како и поддршка за нега и воспитување на децата. На работното место беа потенцирани проблемот со недоволно простор за нормално движење и функционирање и несигурните услови за задржување на работното место во случај на бременост. Од аспект на социјален живот, како најголем проблем беа наведени ограничените можности за дополнителни активности и хоби и недоволно развиената комуникација со други луѓе кои се во истата животна ситуација, за меѓусебна поддршка.

**Табела 23.** Најчести предизвици со кои се соочува целната група

| | |
|---|---|
| Задоволување на основните животни потреби:: сместување, храна, облека | 40% |
| Недоволен број на програми/услуги за поддршка | 60% |
| Несоодветен пристап до информации за програми/услуги за поддршка | 0% |
| Достапност на професионален медицински тим | 40% |
| Информирање за основните права | 40% |
| Соодветна советодавна поддршка | 20% |
| Социјална изолираност | 20% |
| Несоодветен пристап до програми/услуги од квалификувани лица | 40% |
| Несоодветен пристап до јавни институции во општината | 0% |
| Помош за задоволување на основните потреби | 0% |
| Недоволно финансиски сретства | 40% |
| Вработување | 20% |
| Неприфатеност од околината | 20% |
| Недоволна поддршка од семејството | 20% |

На прашањето "*Согласно вашето искуство, кои се трите најголеми предизвици со кои најчесто се соочува Вашата целна група*?" најголем број од испитаниците изјавиле дека најголем проблем е недоволниот број програми и услуги за поддршка кои им се нудат на целните групи (60%). Проблемот со задоволување на основните животни потреби: сместување, храна и облека, достапоност на професионален медицински тим, информирањето за нивните основни права, несоодветен пристап до програми и услуги од квалификувани лица, како и недовилниот број на финансиски средства се наведени како приоритетни проблеми кај 40% од испитаниците; додека соодветната советодавна поддршка, социјалната изолираност, проблемот со вработувањето, неприфатеноста од околината и недоволната поддршка од семејството се истакнати од 20% од испитаниците.

Во однос на прашањето *"Дали корисниците на Вашите услуги плаќаат за поддршката која ја добиваат од вас?"* 80% од испитаниците навеле дека не наплаќаат за услугите, додека 20% наплаќаат симболична сума за услугите кој ги нудат за целните групи.

**Табела 24.** Најчести проблеми со кои се соочувате и предизвици со кои се соочува целната група

| | |
|---|---|
| Недоволно обучен персонал | 0% |
| Недоволен број на вработени | 40% |
| Недоволно финансиски средства | 80% |
| Недостаток од соодветна опрема | 40% |
| Несоодветни и недоволни објекти за работа | 40% |
| Негативен однос на околината | 0% |
| Недостаток на поддршка од околината | 20% |
| Недотаток од политичка поддршка | 0% |
| Недостаток и ненавремени информации | 20% |
| Несоодветни законски регулативи | 0% |
| Комплицирани административни процедури | 20% |
| Недостаток на соработка помеѓу институциите и другите учесници | 40% |

На прашањето *“Кои се трите главни проблеми со кои се соочува Вашата организација во процесот на поддршка на корисниците на услуги?”* најголем број од испитаниците изјавиле дека најголем проблем им претставува недостатокот на финансиски средства (80% од испитаниците). 40% од испитаниците ги навеле како проблем недоволниот број на вработени, недостатокот од соодветна опрема, несоодветни и недоволни објекти за работа и недостаток на соработка помеѓу институциите и другите учесници. Најмал број на испитаници (20%) ги претставиле како проблем недостатокот на поддршка од околината, недоволните и ненавремени информации и комплицираните административни процедури.

Во однос на прашањето *“Согласно Вашето искуство, каков вид на поддршка е потребен од Општината за подобрување на состојбата на ранливите групи со кои работите?”* како предлог за поддршка на организациите беше наведена редовна финансиска поддршка од буџетот на општината на годишно ниво, редовна комуникација, финансиска поддршка, обезбедување соодветни простории за работа, контакт лице од општината за соодветните програми за работа, основни финансиски средства за одржливост и програмски активности. Во делот на потребна поддршка за социјално ранливите групи беа посочени предлози за вклучување на конкретни активности наменети за овие категории во рамките на оперативните планови на општината, обзбедување на услови за работа преку отстапување на простории кои не се во употреба, а се под надлежност на општината, воведување на програми за поддршка, едукација, теренски активности за детекција на индивидуи и семејства во ризик и нивна поддршка во текот на бременоста и раното родителство.

Сите овие аспекти беа земени во предвид во изработката на Стратешкиот план и потребната поддршка е планирана да се воведе во периодот 2014-2018 година.

# 7. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## 7.1. Состојба во Општина Битола

Обезбедувањето на основното право на човекот да живее во чиста и здрава животна средина е една од основните цели на Република Македонија на патот за обезбедување на сигурна позиција за своите граѓани во европски рамки. Правилното управување со богатите природни ресурси, особено со слатките води, како и биолошката и пределската разновидност, се извонредна можност за развој и за квалитетен живот на сегашните и на идните генерации.

Секторот Животна средина е еден од носечките столбови во процесот на исполнување на барањата и постигнувањето на стандардите на Европската унија. Во тој процес, вградувањето на заштитата на животната средина во останатите секторски политики води кон обезбедување поодржлив развој на различните сектори на ефикасен и економичен начин. Воспоставувањето на одржлив развој останува стратешки пристап на патот кон стабилен економски раст, паралелно со социјалните подобрувања и заштитата на животната средина. Република Македонија го трасираше својот пат и преку решавање на проблемите во животната средина на својата територија со што се стреми да придонесе кон намалување и решавање на глобалните еколошки проблеми, исполнувајќи ги во исто време обврските кои ги има кон потпишаните меѓународни договори.

### 7.1.1. Климатски карактеристики

Климата во Битола во основа е со умереноконтинентален карактер, со нагласена континентална компонента, со динамична и со нестабилна клима на суво, многу топло лето и на зимски период поделен на пократок, сув и студен. Температурата има специфика на континентална клима, а врнежите, на сушна изменето-медитеранска или степска клима која, на моменти, има пробиви и на жешки воздушни маси од Северна Африка – Сахара.

Во Битола, официјално, главната метеоролошка станица започнува со работа од 16.03.1945 година, иако за одредени метеоролошки елементи постојат систематски податоци од 1926/27 година. Метеоролошката станица во градот се наоѓа на надморска височина од 586 м. Според метеоролошките податоци, градот има средна годишна температура на воздухот од 11,1°C, но со големи отстапувања во одредени години (од 10,1°C во 1975 година  до 13,1°C во 1952 година). Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура од 0,6°C, но со апсолутна минимална температура од -30,4°C. Најтопол месец е јули, со средна месечна температура од 22.2°C и со апсолутно максимална температура од 41,2°C. Апсолутното годишно варирање на температурата во воздухот изнесува 71,6°C што е специфичнока за подрачјата со континентална клима.

**Табела 25.** Температура на воздухот во Општина Битола[2]

| Температура на воздухот во Со, во 2011 година | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Јануари** | **Февруари** | **Март** | **Април** | **Мај** | **Јуни** | **Јули** | **Август** | **Септември** | **Октомври** | **Ноември** | **Декември** |
| Битола | | | | | | | | | | | | |
| 2006-2010 (просечна) | 01.дек | фев.64 | јул.46 | 12.јун | 16.86 | 20.72 | 23.20 | 23.36 | 17.32 | ное.84 | јул.18 | фев.82 |
| 2011 (средна) | 0.60 | 03.окт | јун.90 | окт.90 | 14.70 | 19.90 | 23.70 | 23.00 | 20.30 | сеп.70 | мар.60 | јан.70 |
| 2011 (максимална) | апр.50 | авг.30 | дек.30 | 16.90 | 21.30 | 26.80 | 31.30 | 32.00 | 29.00 | 17.50 | 11.00 | 07.окт |
| 2011 (минимална) | -2.40 | -0.90 | 2.00 | апр.40 | авг.60 | дек.70 | 14.20 | 14.20 | дек.40 | апр.20 | -1.70 | -3.00 |

Пролетните и есенските месеци се со пријатни температури на воздухот, но истите можат да добијат специфики и на продолжена зима или на продолжено лето. Според тоа, Просечното годишно количество на врнежи изнесува 601мм. Со вредности кои се движат од 338мм до 879мм.

[2] Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија

**Табела 26.** Врнежи во Општина Битола по месеци[3]

| Врнежи во мм, 2011 година | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно годишни врнежи** | **Јануари** | **Февруари** | **Март** | **Април** | **Мај** | **Јуни** | **Јули** | **Август** | **Септември** | **Октомври** | **Ноември** | **Декември** |
| Битола | | | | | | | | | | | | | |
| 2006-2010 (просечни) | 667.140 | 60.820 | 51.880 | 68.120 | 54.120 | 44.180 | 40.960 | 33.700 | 22.640 | 58.600 | 96.020 | 57.300 | 78.800 |
| 2011 | 381.300 | 51.100 | 29.700 | 11.700 | 14.800 | 82.700 | 31.900 | 9.600 | 13.700 | 44.000 | 30.100 | 8.100 | 53.900 |

Битола исто така е пример со појавата на поларна светлина. Преку Битола поминува изохазмата (линија која поврзува места со еднаков број на денови со појава на поларна светлост) 0,1, што значи дека на небото на Битола просечно само еднаш во 10 години, се појавува поларната светлост.

### 7.1.2. Природни богатства

Релативно поволните природни услови овозможиле и подрачјето на Битола, Битолско и пошироко во далечното минато да има големо богатство во *шумски фонд*.

Најголемите и најквалитетните шумски комплекси во битолската општина се протегаат во подрачјето на планинскиот врв Кајмакчалан на Ниџе Планина и врвот Пелистер со Баба Планина, како и делови до Бигла Планина. Најзастапени видови на дрвја се: белиот бор, црниот бор, моликата, буката, дабот, елата и јасиката. Реонот на Кајмакчалан зафаќа површина од 14.800 ха со резерват на квалитетни шуми (црн бор, бор, ела, бука и др.) Реонот на Баба Планина со врвот Пелистер, со исклучок на регионот на Националниот парк "Пелистер" (прв национален парк во Република Македонија, прогласен во 1948 година) зафаќа површина од 10.400 ха (од кои борот – молика автохтониот ендемичен петтоиглен бор - Pinus peuce откриен од австрискиот ботаничар August Grisebach 1839, во т.н. строго заштитена зона зафаќа еден комплекс од 1.600 ха). По источните падини на Баба Планина има исклучително нискостеблести шуми и тоа даб 8.180 ха, бука 2.067 ха и други видови шуми 840 ха или вкупно 11.087 хектари.

Вегетацијата на "Пелистер" има специфично ботаничко значење. Тука растат 88 видови дрвенести растенија, класифицирани во 23 фамилии. Планинската вегетација на "Пелистер" се расчленува на: 19 заедници, 11 сојузи, и 7 редови. Од областа на дивата фауна на "Пелистер" живеат 62 видови животни, меѓу кои се издвојуваат еленот, срната, дивокозата, дивата свиња, мечката, рисот, зајакот, волкот, еребица и камењарката. Од рибите, значајно е да се истакне присуство на Salmo trutta peristericus и пелагониската поточна пастрмка Salmo trutta pelagonicus.

*Хидрографските прилики* на Битола и нејзината непосредна околина се условени/детерминирани од геолошките, геоморфолошките и климатските карактеристики.

Низ Битола тече реката Драгор во должина од 4,5 км. Драгор настанува од повеќе мали реки и тоа од Диховскиот Драгор (во должина од 12 км. чии изворишен дел го чинат повеќе водотеци што извираат од падините на Пелистер и тоа: Сапунчица, Лак поток, Црвена река и Клисурица) и Братиндолскиот Драгор или Бороица. Вкупната должина на реката Драгор изнесува 25,123 км со обем на вододелниците од 67 км, слив од 188 км$^2$ и среден пад од 17,0‰. Количеството на вода во реката зависи исклучиво од врнежите и подземните води на Баба и Пелистер. Просечниот протек на Драгор низ градот од ноември до јуни изнесува 2 – 3 м$^3$/сек.

Статичкото ниво на подземните води во различни подрачја од градот е различна и се движи од 0,50м, па се до 6,50м. Од бројните бунари во градот поради урбанистичката изградба нивниот број е речиси преполовен и во повеќето од нив водата е загадена од отпадни води.

На 22 км од Битола се наоѓа вештачкото акумулационо езеро "Стрежево" кое е значаен хидрографски објект за Битола и битолско. Ова езеро зафаќа волумен од 112.000.000 м$^3$ вода, длабочина кај браната од 72 метри, површина од околу 7 км$^2$, просечна ширина од околу 1 км и должина од 7 км.

[3] Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија

Други хидрографски објекти се базенот “Довлеџик“ кој е компензационен базен со должина од 170м, ширина 60м, волумен 13.600 $м^3$ вода, длабочина околу 3 м и капацитет од 2 – 3.000 капачи, “Олимписки базен“ со димензии 50x25м, како и по еден детски базен на двете места. Во жешките летни денови двата хидрографски објекти се користат за капење и рекреација.

На врвот на планината Баба – Пелистер се наоѓаат две леднички езера, повеќе познати како “Пелистерски очи“ – Големото и Малото езеро.

Најзастапени *почвени* типови во Пелагонија се хидрогени црници, мочурливо глејни почви, алувијални, делувијални почви, циметни шумски почви, лесивирани почви и на помали површини се среќаваат солени почви.

Во Пелагониската котлина, особено во битолското подрачје се откриени *слоеви на јаглен – лигнит* и тоа главно во атарите на селата: Суводол, Гнеотино, Живојно, Биљаник, Врањевци, Паралово и Аглaрци. По ослободувањето до 1951 год. вршена е експлоатација на лигнит кај село Живојно. Од 1973 год. започна експлоатацијата на лежиштето кај Суводол каде е изграден рудник со површински коп. Рудникот “Суводол“ се наоѓа во подножјето на Селечка Планина на околу 15 км источно од Битола. Вкупните резерви на лигнит беа проценети на околу 200.000.000 тони со можност за зголемување на резервите. Во близина на овој рудник постојат наоѓалишта на јаглен во уште два локалитети и тоа: Брод-Гнеотино и Живојно. Наоѓалиштето “Брод-Гнеотино“ е со вкупно рудни резерви од 120.000.000 тони, а наоѓалиштето “Живојно“ околу 100.000.000 тони. Како заклучок може да се констатира дека во јужниот пелагониски басен има вкупно резерви на јаглен од околу 220.000.000 тони, што дава можност за производство на електрична енергија во термоелектраната Битола I, II и III, со потрошувачка од 6 милиони тони годишно. Така би можеле да работат околу 25 – 35 години.

### 7.1.3. Управување со Отпад

Голем дел од процесите и производите што се поврзуваат со современиот начин на живеење имаат негативни ефекти врз животната средина. Меѓу значајните последици се и растечките трошоци за третирање и депонирање на прекумерните количества отпад. Правилното управување со обемните количества на отпад што се создава од домаќинствата, индустријата и од стопанството, е од огромно значење за добросостојбата на општеството. Во изминатиов период, лошите практики на управување со отпадот доведоа до деградација на екосистемите, како и до губење на драгоцени природни ресурси и потенцијални здравствени ризици.

Собраниот и создадениот отпад по региони е претставен во табела 27.

**Табела 27.** Собран и создаден комунален отпад во Република Македонија по региони[4]

| Собран и создаден комунален отпад, во тони во 2012 година | | |
|---|---|---|
| | **Собран комунален отпад** | **Создаден комунален отпад** |
| Република Македонија | 555 760 | 786 909 |
| Вардарски | 61 957 | 118 780 |
| Источен | 70 485 | 82 849 |
| Југозападен | 49 488 | 86 960 |
| Југоисточен | 45 474 | 68 146 |
| Пелагониски | 72 176 | 85 360 |
| Полошки | 59 096 | 104 289 |
| Североисточен | 52 492 | 72 121 |
| Скопски | 144 593 | 168 404 |

[4] Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија

Од табелата може да се заклучи дека Пелагонискиот регион е на втрото место во Република Македонија, по Скопскиот регион со 72.176 тони собран комунален отпад во 2102 година и 85.360 тони создаден отпад. Активните депонии по региони се претставени во табелата 28.

**Табела 28.** Активни депонии, број и површина по региони, 2012[5]

| Активни депонии, број и површина по региони, 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| | Депонии | | |
| | Број на депонии | Вкупна површина (илјади m²) | Активна површина (илјади m²) |
| Република Македонија | 47 | 2744 | 1090 |
| Вардарски | 8 | 639 | 252 |
| Источен | 11 | 308 | 146 |
| Југозападен | 6 | 215 | 156 |
| Југоисточен | 7 | 312 | 242 |
| *Пелагониски* | 7 | *154* | *65* |
| Полошки | 2 | 64 | 60 |
| Североисточен | 4 | 272 | 149 |
| Скопски | 2 | 780 | 460 |

Од табелата може да се види дека Пелагонискиот регион располага со 7 депонии, од вкупно 47 депонии во Република Македонија, со вкупна површина од 154.000м² од кои активната површина изнесува 65.000м².

Создавањето на отпадот според сектори на економска активност во Пелагонискиот регион е претставен во табела 29.

**Табела 29.** Создаден отпад според сектори на економска активност во Пелагонискиот регион[6]

| Создаден отпад според сектори на економска активност | |
|---|---|
| | 2010 |
| | Пелагониски регион |
| **Вкупно** | 13 673.53 |
| неопасен | 13 647.48 |
| опасен | 26.05 |
| **Рударство и вадење на камен** | |
| Вкупно | 22.86 |
| неопасен | 21.06 |
| опасен | 1.80 |
| **Преработувачка индустрија** | |
| Вкупно | 9 687.17 |
| неопасен | 9 679.42 |
| опасен | 7.75 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | |
| Вкупно | 3 963.50 |

5 Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија
6 Извор: Државен Завод за статистика на Република Македонија

| | |
|---|---|
| неопасен | 3 947.00 |
| опасен | 16.50 |

Согласно податоците од Државниот завод за статистика вкупниот отпад во Пелагонискиот регион за 2010 година, најголеми загадувачи со опасен отпад се преработувачката индустрија и снабдувањето со електрична енергија, гас, пареа и климатизација.

#### 7.1.4. Бучава

Податоците за мерење на бучавата во Општина Битола, измерени на 7 места низ општината се претставени во табелата број 31. Индикаторот го покажува интензитетот на бучавата во животната средина за основните индикатори Lд и Lв, во 2012 година, во Битола.

**Табела 30.** Интензитет на бучавата во животната средина за основниот индикатор Lн, 2012 година, во Битола

| Адреса | Ln dB(A) | LV Ln dB(A) |
|---|---|---|
| “Иван Милутиновиќ” – ‘’Прилепска’’ | 52,17 | 55 |
| “Иван Милутиновиќ” –‘’Столарска’’ двор на здравствен дом | 56,28 | 55 |
| ‘’1ви Мај’’- ‘’Мирче Ацев’’ двор на гимназија Ј.Б. Тито | 52,99 | 45 |
| ‘’Партизанска’’ – ‘’Асном’’ двор на клиничка болница | 48,34 | 45 |
| ‘’Борис Кидрич’’- ‘’Никола Тесла’’ | 53,91 | 55 |
| ‘’Партизанска’’ – “Питу Гули’’ | 55, 61 | 45 |
| ‘’Карпош’’ – ‘’4ти Ноември’’ двор на детска градинка Вангел Мајорот | 43, 62 | 45 |
| ‘’Јадранска’’ – ‘’Боривоје Радисављевиќ’’ | 37,05 | 45 |
| ‘’Партизанска’’ – ‘’Маршал Тито’’ спортска сала Младост | 47,15 | 45 |

Од табелата се гледа дека интензитетот на комуналната бучава во животната средина во Битола, на мерните места 2, 3 и 6, нивото на бучавата ја надминува ГВ за тоа мерно место за двата индикатори, за вредност од 2.81 до 3.87 dB(A) за индикаторот Lд и за вредност од 0.24 до 1.65 dB(A) за индикаторот Lв. На останатите мерни места нивото на бучава е под ГВ за двата индикатори.

Интензитетот на комуналната бучава во животната средина во Битола, за основниот индикатор Lн, е под ГВ за индикаторот на мерните места 1, 5, 7 и 8. Значително покачување на индикаторот преку ноќ има на мерните места број 3 и 6 (за 7.99 и 10.61 dB(A) над дозволеното ниво, следствено). На сите останати мерни места има мало покачување во однос на ГВ за тоа мерно место и се движи од 1.28 до 3.34 dB(A).

### 7.2. Улога на локалната самоуправа во процесот на заштита на животна средина

Со процесот на децентрализација на власта, решавањето на еколошките проблеми и заштитата на животната средина е доделена во надлежност на локална самоуправа.

Единиците на локална самоуправа играат клучна улога во спроведување на голем дел од барањата, регулирани со националната законска регулатива од областа на животната средина. Некои од нив се следните:

- Формирање на локални мрежи за мониторинг на одделни медиуми и области од животната средина и доставување на податоците од истите, по претходно пропишани услови, до Министерството за животна средина и просторно планирање.
- Информирање на јавноста за случаите за надминување на дозволените емисии на загадување на животната средина и донесување акти за преземање на задолжителни мерки, доколку загадувањето е ограничено на подрачјето на територијата на општината.
- Воспоставување и одржување на Информативен систем, односно воспоставување и одржување на Регистар на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики за подрачјето на општината и

Катастар на животна средина и доставување на добиените податоци до надлежното министерство, најмалку еднаш месечно;

- Изготвување на Извештај за состојбата на животната средина на подрачјето на општината и негово доставување до надлежното Министерство за животна средина, на одобрување. Истиот треба да биде достапен за јавноста;
- Подготвување на Локален акционен план за животна средина, во согласност со донесената методологија од страна на министерот за животна средина;
- Спроведување Локален акционен план за животна средина;
- Спроведување Стратегиска оцена на животната средина на одредени планови и програми Општината е должна да ги следи ефектите врз животната средина од спроведување на планскиот документ и доколку има негативни ефекти, да го извести надлежното министерство;
- Обезбедување на сите потребни мерки и пропишување на постапки со кои се обезбедува остварување на правото за пристап до информациите и учество на јавноста во донесување на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина, како и обезбедување на изјаснување на јавноста во постапката за донесување на тие одлуки;
- Определување овластено лице, кое ќе биде одговорно за остварување на правото за пристап до информации за животна средина и обезбедување на просторија во која заинтересираните ќе можат да ги разгледаат или да извршат увид во бараните информации за животна средина;
- Обезбедување пристап до бараните информации за животна средина во најкраток можен рок, не подоцна од еден несец од денот на приемот на барањето за информација, а ако се работи за пообемна и покомплексна информација, најдоцна два месеца од денот на приемот на барањето за информацијата;
- Одобрување или одбивање на Елаборат за заштита на животна средина, преку издавање на решение за одобрување или одбивање и водење Регистар за одобрени елаборати;
- Издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план, односно водење на постапка за интегрирано спречување и контрола на загадувањето.
- Изготвување на Надворешен план за вонредни состојби (спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции), врз основа на добиените внатрешни планови за вонредни состојби од инсталациите и негово доставување до надлежното министерство;
- Изработка на документ за одржлив развој – Локална агенда 21;
- Поставување на овластени инспектори за животна средина на локално ниво, кои вршат инспекциски надзор над примената на Законот за животна средина и прописите донесени врз основа на него;
- Преземање мерки и активности, кои се однесуваат на привремена и трајна забрана за вршење на определени дејности или промет на определени производи;
- Преземање на сите мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина;
- Поттикнување на развој на образованието и јавната свест во областа на животната средина.

**Локалните акциони планови за животна средина** се инструмент за поддршка на усогласување со барањата за животна средина во рамките на процесот на пристапување кон Европската Унија (ЕУ).

Општина Битола во стратешкиот план има зацртано да се подготви нов Локален план за животна средина, со што во голема мерка се идентификувани проблемите поврзани со заштита на животната средина, како и активностите потребни за нивно надминување.

### 7.3. Национален парк “Пелистер”

На подрачјето на Општина Битола се застапени голем број природни богатства. Од голема важност е Националниот парк “Пелистер”. Националниот парк Пелистер опфаќа релативно мало подрачје (10.870 ха) на северната страна од масивот на Баба Планина, во југозападниот дел на Македонија, на надморска височина од 891 до 2.601 m.

На подрачјето на Паркот се присутни најразлични глацијални и периглацијални геоморфолошки форми, меѓу кои има и такви кои се ретки на Балканот, зачувани во нивната природна состојба и со голема прввлечност за посетителите на Паркот. Благодарение на геолошкиот состав, карактеристичниот релјеф и локалната

планинска клима, во Паркот се образувале различни типови на живеалишта кои поддржуваат богата и значајна биолошка разновидност. Меѓу нив се издвојуваат пространите шуми на македонскиот бор – молика – како најзначаен тип на живеалиште од тој вид на Балканот односно во светот, ледничките езера и високопланинските пасишта. Покрај присуството на девет локални ендеми – видови кои го населуваат само подрачјето на Паркот – се среќаваат и повеќе десетици ретки и засегнати видови.

Покрај природните, на подрачјето на Националниот парк "Пелистер" се среќаваат и повеќе културни вредности меѓу кои се издвојуваат архитектонското и културното наследство на селото Маловишта.

### 7.4. SWOT анализа Заштита на животна средина

SWOT анализата (анализата на силните и слабите страни, како и можностите и заканите) на Општина Битола во делот на заштита на животната средина е претставена во табела 32.

**Табела 31.** SWOT анализата за заштита на животна средина

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Природни ресурси<br>• Поволна географска местоположба<br>• Поволни климатски услови<br>• Постоење на ендемични видови (растенија и животни)<br>• Поволна клима<br>• Поддршка од локална самоуправа | • Изработка на подзаконски акти и спроведување на законите<br>• Недоволно развиена свест на населението<br>• Близина на термоелектрани<br>• Слаб маркетинг<br>• Слаба инфраструктура<br>• Немање на соодветни депонии според стандарди и нормативи<br>• Нестандардизирани туристички услуги |
| **Можности** | **Закани** |
| • Странски инвестиции<br>• Пристап до европски фондови<br>• Донации<br>• Иновации<br>• Размена на искуство | • Елементарни непогоди<br>• Изумирање на ендемичните видови (растенија и животни)<br>• Хаварија од термо електрани<br>• Урбанизација на природни зелени површини<br>• Висока загаденост на амбиенталниот воздух |

Силните страни кои влијаат на подобрување на заштитата на животната средина се природните ресурси, поволната географска положба, поволните климатски услови, постоењето на ендемични видови (растенија и животни), поволната бизнис клима и поддршката од локалната самоуправа.

Слабите страни за заштитата на животната средина на општина Битола се изработката на подзаконски акти и спроведување на законите, недоволно развиената свест на населението, слабиот маркетинг, слабата инфраструктура, немање на соодветни депонии според стандарди и нормативи, нестандардизирани туристички услуги и близината на термоелектраните.

Можности за подобрување на заштитата на животната средина се: странски инвестиции, донации, иновации, пристап до европски фондови и размена на искуства.

Закани кои би можеле негативно да влијаат на животната средина се изумирање на ендемичните видови (растенија и животни), урбанизацијата на природните зелени површини, високата загаденост на амбиенталниот воздух, елементарни непогоди и хаварии од термо електрани.

## 7.5. Анализа на засегнати страни за Заштита на животна средина

Анализа на засегнатите страни се состои од идентификување на внатрешните и надворешните засегнати страни и корисници на услуги и утврдување на нивните потреби.

**Табела 32.** Анализа на засегнати страни за Заштита на животна средина

| ГРУПИ НА ИНТЕРЕС | КОЈ Е НИВНИОТ ИНТЕРЕС | КАПАЦИТЕТ/ МОТИВАЦИЈА | РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ ГРУПИ (++/--) | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПЛАНИРАНИОТ ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| Здруженија на граѓани | Партиципација во носење одлуки, политики | Високо ниво | Општина + - | Партнери во имплементација на активности |
| Министерство за животна средина | Јакнење на политиките | Високо ниво | Општина ++ Здруж.на граѓани+- | Морална и финанскиска поддршка |
| **Општина, инспекторат** | Навремено информирање | Високо ниво | Државен инспекторат ++ | Навремена информираност |
| Локално население | Чиста и здрава животна средина | Ниско ниво | Здруж.на граѓани - Општина - | Крајни корисници |
| Н.П. Пелистер Ј.П. | Имплементација на проектите | Високо ниво | Општина + - Инспекторат + Здруж.на граѓани + - | Партнери во имплементација на активности |
| Консултанти за животна средина | Давање на консултантски услуги | Високо ниво | Општина ++ Министерство ++ Здруж.на граѓани ++ | Навремена информираност и стручност |

# 8. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ

## 8.1. Визија

Општина Битола атрактивен центар за живеење и бизнис, со поволни услови за одржлив социо-економски туристички и културен развој во регионот

## 8.2. Мисија

Општина Битола ефикасен и транспарентен сервис за граѓаните, со услови за безбеден, и социо-економски квалитетен живот.

## 8.3. Вредности

Идентификуваните вредности на Општина Битола се следните:

- Отвореност и комуникација со граѓаните
- Посветеност кон традиција и историја
- Развивање на мултикултурно, отворено општество со европски дух
- Создавање еколошки здрава средина за живот
- Економски просперитет и благосостојба

## 8.4. Приоритетни области

Приоритетни области на Стратегијата за локален развој на Општина Битола се следните:

- Економски развој
- Туризам
- Социјална заштита и
- Заштита на животната средина

# 9. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Имплементацијата на Стратегијата за локален развој на Општина Битола за периодот 2014-2018 вклучува реализацијата на 9 стратешки цели и 22 специфични цели во областите на делување:

***Економски развој***

***Стратешка цел 1. Подобрување на социо-економската положба на населението***

| | |
|---|---|
| Специфична цел 1.1 | Креирање на нови работни места преку поддршка на МСП |
| Специфична цел 1.2 | Подобрување на конкурентноста, иновации и претприемништвото во Општина Битола |
| Специфична цел 1.3 | Создавање на услови за развој и унапредување на индивидуалното земјоделство и руралниот развој |

***Стратешка цел 2. Подобрени јавни и приватни инфраструктурни системи кои придонесуваат за развој на општината***

| | |
|---|---|
| Специфична цел 2.1 | Развој на обновливи извори на енергија |
| Специфична цел 2.2 | Подобрување на инфраструктурата во општината |

***Стратешка цел 3. Развивање на меѓусебна соработка на општините, регионите и прекугранична соработка***

Специфична цел 3.1 Поттикнување на меѓусебна соработка на општините во Пелагонискиот регион
Специфична цел 3.2. Подобрено искористување на претпристапната помош од страна на ЕУ

За реализација на Стратешките цели 1, 2 и 3 се планира да се имплементираат различен тип на активности за промоција и јакнење на капацитетите на деловни субјекти. Планирана е промоција на мерките за микрокредитирање на мали и средни претпријатија, промоција на можностите кои ги нуди Индустриската зона Жабени, промоција на руралниот туризам и можностите за поддршка на иновативноста во општината. Со цел јакнење на капацитетите на сите засегнати страни планирани се различни видови на обуки, доквалификации и преквалификации, промоција на практиканство за малите и средни претпријатија и вработените во јавниот сектор. Подобрувањето на состојбата во земјоделството и руралниот развој е планирано преку формирање на Локална Акциона Група, изработка на Стратегија за земјоделство и рурален развој 2014-2018, изградба на регионален пазар на големо и развој и промоција на руралниот туризам.

За подобрување на инфраструктурата во општината се планира изградба на катни гаражи, улици, доизградба на влезовите кон Битола, изградба на затворен базен, реконструкција на стадионот Тумбе кафе, пренамена на аеродромот с. Логоварди и слични активности.

Со цел да се подобри соработката на општините во Пелагонискиот регион и прекуграничната соработка се планира интензивирање соработката на регионално, национално и меѓународно ниво.

***Туризам***

***Стратешка цел 4. Формирање на систем за управување со туризмот во Општина Битола***

Специфична цел 4.1 Формирање на координативна структура за развој на туризмот во Општина Битола
Специфична цел 4.2 Вклучување на сите засегнати страни во процесот на планирање и управување на туризмот во општината

***Стратешка цел 5. Битола - препознатлива туристичка дестинација***

Специфична цел 5.1 Подобрување на промоцијата на туризмот преку креирање на атрактивни туристички пакети
Специфична цел 5.2 Продуцирање нови работни места во туризмот
Специфична цел 5.3 Изградба на туристичка инфраструктура

За реализација на стратешките цели 4 и 5 се планираат активности за формирање на одделение за туризам и советодавно тело од областа на туризмот со вклучување на сите засегнати страни. Со цел да се обезбеди потребната туристичка инфраструктура планирано е поставување на инфо киосци, јавни тоалети, обновување и дополнување на сигнализацијата и патната инфраструктура, како и изградба на нови хотелски комплекси и реконструкција и модернизација на постоечките сместувачки капацитети. Планирана е изработка на специјална туристичка понуда со посебни пакети на услуги за различни целни групи.

***Социјална заштита***

***Стратешка цел 6. Еднакви можности, социјална инклузија и нулта дискриминација***

Специфична цел 6.1 Еднаков пристап и право на квалитетен живот, работа, домување, здравствена заштита, образование, култура за сите жители на Општина Битола
Специфична цел 6.2 Подигнување на јавната свест, толеранцијата и општествената одговорност на секој поединец, стопански субјект и институциите.
Специфична цел 6.3 Проактивно и ангажирано вклучување на општината со сите расположливи капацитети: објекти, финансии, логистика, стручна поддршка и координација на активностите

За реализација на Стратешката цел 6 и подобрување на социјалната заштита во општината планирано е обезбедување на соодветна инфрастуктура за прифаќање на лица изложени на социјален ризик, соодветна пристапна инфраструктура за лицата со попреченост, воведување на мерки за стимулација на згрижувачките семејства и вработување на лица во социјален ризик. Планирани се и активности за јакнење на капацитетите и обука на социјално ранливите лица и вработените во организациите и институциите во системот и промовирање на социјалната инклузија на сите нивоа.

***<u>Заштита на животна средина</u>***

***Стратешка цел 7. Подобрување на квалитетот на животната средина на сите медиуми***

Специфична цел 7.1 Подобрување на квалитетот на воздухот
Специфична цел 7.2 Подобрување на квалитетот на водата
Специфична цел 7.3 Подобрување на квалитетот на почвата
Специфична цел 7.4 Следење на имплементирани законски регулативи и усогласување со истите
Специфична цел 7.5 Подигнување на еко свеста

***Стратешка цел 8. Одржлив развој на системи за заштита на животната средина***

Специфична цел 8.1 Вопоставување на систем за управување со отпадот
Специфична цел 8.2 Заштита на природното богатство

Реализацијата на Стратешките цели 7 и 8 поврзани со заштита на животната средина, вклучуваат активности поврзани со прилагодување и следење на законската регулатива, подобрување на уличната хигиена, изградба на соодветна инфраструктура, меѓу која прочистителна станица и депонија, реконструкција на речното корито на реката Драгор, целосно спроведување на системот за управување со отпад, обнова на возниот парк за управување со отпад, различни акции за заштита на животна средина и подигање на јавната свест, како и јакнење на капацитетите за сите засегнати страни за заштитата на животната средина. Покрај тоа предвидена е имплементација на активности за мапирање и заштита на природното богатство во општината.
Покрај стратешките цели поставени за одредените приоритетни области, тимот за изработка на стратегијата постави и една хоризонтална цел, Организирање и работа на проектно одделение за изработка и спроведување на проекти.

***<u>Организациска поставеност</u>***

***Стратешка цел 9. Организирање и работа на проектно одделение за изработка и спроведување на проекти***

Специфична цел 9.1. Мапирање на локалните приоритети на општината
Специфична цел 9.2. Изготвување на проекти
Специфична цел 9.3. Аплицирање на проекти и нивна реализација

Реализацијата на оваа цел, во голема мерка ќе придонесе кон координирано и одржливо планирање и имплементација на проекти, мерки и активности во сите области со цел подобрување на животниот стандард на граѓаните на Општина Битола.
Во табела број 35 е даден приказ на Стратегијата за локален развој.

**Табела 33.** Стратегија за локален развој, област, цели и планирани активности

| Област | Стратешка цел | Специфична цел | Активности |
|---|---|---|---|
| **Економски развој** | *1. Подобрување на социо-економската положба на населението* | 1.1.Креирање на нови работни места преку поддршка на МСП | 1.1.1 Промоција на микрокредитирање на мали и средни претпријатија |
| | | | 1.1.2 Поддршка на стручно оспособување преку промоција на практиканство |
| | | | 1.1.3 Поддршка на МСП и ЈП сектор (Изработка на бизнис план; Обука за подготовка на проекти; Обука за работодавачи, советувања) |
| | | | 1.1.4 Промоција за отворање на нови фабрики во индустриската зона “Жабени” |
| | | | 1.1.5 Доквалификација , преквалификација и кариерно советување на лица кои бараат работа |
| | | 1.2. Подобрување на конкурентноста, иновации и претприемништвото во Општина Битола | 1.2.1.Одржливост на Бизнис старт ап центарот |
| | | | 1.2.2. Отварање на едношалтерски систем за информирање на лицата кои бараат работа |
| | | | 1.2.3. Формирање на ЛАГ за развој на претприемништвото |
| | | | 1.2.4. Промоција на иновативноста во Општината |
| | | 1.3. Создавање на услови за развој и унапредување на индивидуалното земјоделство и руралниот развој | 1.3.1. Формирање на Локална Акциона Група |
| | | | 1.3.2. Иработка на Стартегија за земјоделство и рурален развој 2014 - 2018 |
| | | | 1.3.3. Изградба на регионален пазар на големо |
| | | | 1.3.4 Развој и промоција на руралниот туризам |
| | *2. Подобрени јавни и приватни инфраструктурни системи кои придонесуваат за развој на општината* | 2.1. Развој на обновливи извори на енергија | 2.1.1. Изградба на централен систем за греење на општината |
| | | | 2.1.2 Изградба на систем за снабдување со гас |
| | | 2.2. Подобрување на инфраструктурата во општината | 2.2.1 Иградба на подземна двоспратна гаража |
| | | | 2.2.2. Изградба на катна гаража |
| | | | 2.2.3. Пуштање на улицата Борис Кидрич |
| | | | 2.2.4. Реконструкција на стадионот Тумбе кафе |
| | | | 2.2.5. Изградба на затворен базен |
| | | | 2.2.6. Доизградба на влезот Битола-Скопје |
| | | | 2.2.7. Доизградба на влезот Битола-Охрид до мостот |
| | | | 2.2.8. Пренамена на аеродромот с. Логоварди |
| | *3. Развивање на меѓусебна соработка на општините, регионите и прекугранична соработка* | 3.1 Поттикнување на меѓусебна соработка на општините во Пелагонискиот регион | 3.1.1. Соработка на општините во промоција на стопанството во регионот |
| | | 3.2 Подобрено искористување на претпристапната помош од страна на ЕУ | 3.2.1. Подготовка на проекти на регионално ниво за прекугранична соработка |
| **Развој на туризмот** | *4. Формирање на систем за управување со* | 4.1. Формирање на координативна структура за развој | 4.1.1. Формирање на одделение за туризам во Општина Битола |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *туризмот во општина Битола* | на туризмот во Општина Битола | |
| | | 4.2. Вклучување на сите засегнати страни во процесот на планирање и управување со туризмот во општината | 4.2.1. Формирање на советодавно тело од областа туризам |
| | *5. Битола - препознатлива туристичка дестинација* | 5.1. Подобрување на промоцијата на туризмот преку креирање на атрактивни туристички пакети | 5.1.1. Организирање на работилници за креирање на пакети |
| | | | 5.1.2. Изработка на студија за идентификација на потенцијални брендови |
| | | | 5.1.3. Изработка на календар на настани |
| | | | 5.1.4. Изработка на маркетинг стратегија за туризам |
| | | | 5.1.5. Организирање на кампања за подигање на свеста за туризам на локалното население |
| | | | 5.1.6. Изработка на Водич за Битола III издание |
| | | | 5.1.7. Учество на меѓународни саеми |
| | | 5.2. Отварање на нови работни места во областа на туризмот | 5.2.1. Промовирање на можностите за ЈПП при изработка на стратегија |
| | | | 5.2.2. Изработка на Регистар на туритички оператори |
| | | | 5.2.3. Едукација на работен, професионален кадар (хотелиерство, туристички бон-тон, угостителство, водичи, грчки јазик) |
| | | | 5.2.4. Вклучување во мапата на големите тур оператори и вмрежување |
| | | | 5.2.5. Воспоставување на интерсекторска соработка |
| | | 5.3. Изградба на туристичка инфраструктура | 5.3.1. Изградба и реконструкција на патишта |
| | | | 5.3.2. Обновување и дополнување на сигнализација (втора фаза) |
| | | | 5.3.3. Планирање и изградба на јавни тоалети |
| | | | 5.3.4. Поставување на инфо киосци |
| | | | 5.3.5. Изградба на хотелски комплекс Нижополе - ЈПП |
| | | | 5.3.6. Реновирање на Планинарскиот Дом Копанки |
| **Социјална заштита** | *6. Еднакви можности, социјална инклузијаи нулта дискриминација* | 6.1. Еднаков пристап и право на квалитетен живот, работа, домување, здравствена заштита, образование, култура на сите жители на општина Битола | 6.1.1. Пренамена на постоечки и неискористени објекти за прифаќање на лица изложени на социјален ризик |
| | | | 6.1.2. Воведување на мерки за стимулација и олеснувања за згрижувачки семејства |
